Географската положба и добрата сообраќајна поврзаност даваат добри можности на овој простор се оформат единици за лесна и незагадувачка индустрија, кои што треба да бидат од приоритетен интерес за економски развој на Општина Неготино и секако од интерес на државата.

Планскиот опфат ги опфаќа следните катастарски парцели: дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, КП678, КП679, КП680, дел од КП681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 КО Неготино.

Катастарските парцели се наоѓаат во КО Криволак, КО Црвени Брегови, КО Неготино во Општина Неготино.

Граници на планскиот опфат се:

- на север границата се движи кон исток по КП бр. 678 од која опфаќа дел,
- на исток границата се движи по источната граница на КП бр. 681 и продолжува кон јужна страна,
- на југ границата се движи и ја опфаќа КП бр. 681 до пресек со локален пат и продолжува кон запад до пресек со регионален пат Р-103,
- на запад границата се движи по осовина на регионален пат Р-103 до пресек со КП бр.678 на север.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 72, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по Y и X координати:

1	7589961,308	4597967,447
2	7589964,12	4597969,92
3	7589966,59	4597972,4
4	7589985,5	4597983,88
5	7590024,94	4597999,83
6	7590037,03	4597999,95
7	7590058,75	4597998,88
8	7590071,56	4598001,01
9	7590102,17	4598010,07
10	7590135,46	4598022,76
11	7590146,95	4598026,73
12	7590206,54	4598038,47
13	7590238,1	4598044,98
14	7590290,81	4598051,87
15	7590338,17	4598051,08
16	7590385,16	4598048,81
17	7590403,78	4598045,06
18	7590449,76	4598024,63
19	7590490,17	4598005,83
20	7590540,12	4597989,62
21	7590590,17	4597980,53
22	7590663,08	4597964,56
23	7590719,12	4597957,78
24	7590734,01	4597958,58
25	7590746,94	4597960,88
26	7590803,37	4597959,46
27	7590869,4	4597960,17
28	7590954,63	4597958,23

29	7591010,83	4597960,18
30	7591048,7	4597962,68
31	7591105,17	4597965,6
32	7591126,52	4597969
33	7591173,52	4597976,65
34	7591175,63	4597977,35
35	7591220,79	4597992,27
36	7591263,94	4598008,84
37	7591284,42	4598014,85
38	7591327,88	4598026,26
39	7591384,64	4598040,33
40	7591440,77	4598054,71
41	7591449,15	4598057,01
42	7591507,534	4598072,352
43	7591522,76	4598027,79
44	7591485,5	4598006,94
45	7591440,73	4597981,74
46	7591410,02	4597961,96
47	7591381,84	4597946,39
48	7591338,61	4597924,4
49	7591294,81	4597903,3
50	7591245,52	4597878,38
51	7591210,59	4597861,16
52	7591136,21	4597957,21
53	7591038,1	4597880,83
54	7590998,65	4597850,38
55	7591051,228	4597780,233
56	7591046,498	4597776,987
57	7590994,671	4597750,388
58	7590962,638	4597731,844
59	7590934,167	4597718,043
60	7590829,462	4597675,808
61	7590765,887	4597653,372
62	7590691,052	4597624,105
63	7590635,709	4597596,119
64	7590595,352	4597574,389
65	7590563,089	4597547,317
66	7590525,827	4597573,083
67	7590428,202	4597634,859
68	7590360,902	4597677,446
69	7590292,444	4597720,766
70	7590195,977	4597781,81
71	7590120,424	4597832,671
72	7590041,041	4597895,694

2.3 Специфични потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамки на опфатот

Согласно со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), во рамки на планскиот опфат се планираат содржини кои спаѓаат во следните групи на класи на намени:

Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија;

Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори;

Г4 - Стоваришта, складови и отпади;

Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури, односно

Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури

Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдувањето

Е1.6 – Канализациски инфраструктури - фекална и атмосферска

Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија

Е1.9 – Телекомуникациски водови

Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Специфичните потреби во рамки на опфатот кои треба да се задоволат со овој урбанистички план вон населено место се:

− Планирање на градежни парцели и површини за градење со урбанистички параметри во склад со зададеното од Условите за планирање на просторот за изработка на **Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678, КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино,**

−Употреба на инструментите на алтернативност, компатибилност и комплементарност за обезбедување на диверзификација на намените,

−Планирање на соодветна инфраструктура и комунална супраструктура со која непречено ќе се опслужуваат сите планирани содржини во просторот и

−Задоволување на потребите на крајните корисници до мерка која нема да се загрози општото добро.

При планирање на сообраќајната инфраструктура потребно е да се обезбеди непречено одвивање на сообраќајот во рамките на планскиот опфат и сообраќаен пристап до сите планирани градежни парцели. Обврската да се реализира пристап до секоја градежна парцела да е во корелација со принципот на интерполација, а во контекст на урбанистичките стандарди, со цел да се постигне најрационално решение.

Просторниот развој треба да цели кон хармонизација на просторот, што треба да се уреди со посебните плански одредби. Планирањето на големината на градежните парцели, површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на

минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на дворните места околу градбите, одредувањето на потребен број места за паркирање како и останатите урбанистички параметри да бидат во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на планскиот опфат.

Снабдувањето со вода, одводот на отпадните води треба да се предвиди во сепарационен систем на канализација (атмосферска и фекална), согласно со планираните параметри за водоводната и канализациската мрежа. За снабдување со електрична енергија ќе се предвидат локации за нови трафостаници доколку има потреба.

При изработување на **Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678, КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино,** да бидат почитувани сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

2.4 Општи и посебни цели на планирањето и програмски содржини што треба да бидат предмет на планирањето

2.4.1 Општи цели

- Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;

- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи од повисоко ниво;
- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и системите на инфраструктурата; и
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.

2.4.2 Посебни цели

- Усогласување на Урбанистички план вон населено место со поставките на Просторниот план на РМ;
- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација;
- Уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;

- Дефинирање на секундарна сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат;
- Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;
- За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови:

    - заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;
    - заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;
    - движење на лица со посебни потреби;
    - урбано зеленило и озеленетост;
    - и други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.

2.4.3 Програмски содржини

Програмските содржини на урбанистички план вон населено место ќе се изработат согласно методологијата пропишана во важечката законска и подзаконска регулатива:

- Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20);
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Изработил:

Методи Хаџи-Андов диа

_____

2.4 Услови за Планирање на Просторот

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта на КП бр. 679, 680, 681, 762 и дел од КП 678, КО Криволак,

ОПШТИНА НЕГОТИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y08416

Скопје, мај 2016

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта на КП бр. 679, 680, 681, 762 и дел од КП 678, КО Криволак,

ОПШТИНА НЕГОТИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Неготино

Тех. бр. Y08416

Раководител на задачата
Соња Манасова, дипл.ек.

Координатор
М-р Христина Оџаклиеска,
дипл. инж. зашт. жив. сред.

Агенција за планирање на просторот

Директор

Љупчо Георгиевски, д.и.а.

Скопје, мај 2016

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта на КП бр. 679, 680, 681, 762 и дел од КП 678, КО Криволак во

Општина Неготино

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 11.06.2004 година го донесе "Просторниот план на Р. Македонија" како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и "Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија" (“Службен весник на Република Македонија” број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите, начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на "Просторниот план на Република Македонија", се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на "Просторниот план на Република Македонија";
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на "Просторниот план на Република Македонија", со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за "Услови за планирање на просторот".**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај, **"Условите за планирање на просторот" се издаваат за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино. Планскиот опфат ги опфаќа КП 679, 680, 681, 762 и дел од КП 678.**

Површината на планскиот опфат изнесува 34,6 ha. Дел од локацијата зафаќа земјиште под пасишта и ниви.

Предметната локација навлегува во заштитната зона на леталиштето Црвени Брегови.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со "Просторниот план на Република Македонија".

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.** Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.


Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување**.

Со основните стратешки определби во "Просторниот план на Република Македонија" се дава приоритетот во **заштита на водите од Прва и Втора класа**, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење**, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранската клима која продира од југ преку Демир Каписката клисура и континенталната клима која продира од север преку Велешката котлина.

Судирот на двете различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следните карактеристики: просечна годишна температура на воздухот од 13,5°C; највисока просечна месечна температура во јули и август; најниска просечна месечна температура во јануари со вредност од 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови под 0°C, вкупно 58,4 дена; средно траење на мразен период 112 дена; температурна амплитуда од 58,6°C односно апсолутна максимална температура од 41,8°C (август) и апсолутна минимална температура со вредност од -17,8°C (јануари).

Должината на траење на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следните карактеристики: просечната годишна сума на врнежи е 437 mm, максималната сума на врнежи по месеци е 61,2 mm во октомври, минималната сума на врнежи по месеци е 47,5 mm во мај, поројни врнежи од локален карактер се јавуваат од мај до септември, со дневен максимум од 97 mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно просечно 71 ден годишно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрираната висина на снежниот покривач достигнала до 93 cm.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките север и северо-запад.

Струењата од северна насока ги имаат следните особености: просечна годишна честина од 145‰, средна јачина од 2 бофори, максимална јачина од 10 бофори, просечна брзина од 2,2 до 3,4 m/s и максимална регистрирана јачина од 27,5 m/sek.

Струењата од северо-запад ги имаат следните карактеристики: просечна годишна честина од 118‰, средна јачина од 1,8 бофори, максимална регистрирана јачина од 8 бофори и просечна брзина од 2,6 m/s.

Податоците се од мерна станица Кавадарци.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е градот Неготино со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои се формираат во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично, од изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети, а во денешно време позначајни се деловните односи и меѓучовечките комуникации.

Со "Просторниот план на Р. Македонија" дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за општината Неготино каде припаѓа планскиот опфат на локацијата за која се наменети "Условите за планирање на просторот" се две развојни оски: "Јужната развојна оска" и оската "Север-југ".

"Јужната развојна оска" која што досега ретко е споменувана, а која во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење, ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р. Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан - Р. Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојната оска "Север-југ" која минува по средината на територијата на земјата, следејќи го од Скопје на југ течението на реката Вардар, формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата

стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведување на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино со површина на плански опфат од 34,6 ha, ќе биде во функција на развој на локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 34,6 ha наменета за изградба на предвидените стопански објекти.

При изработката и реализацијата на УПВНМ треба да се има во предвид дека локацијата за која се наменети Условите за планирање граничи со планските опфати на локацијата за леталиште "Црвени Брегови" со тех. бр. У24715 и локацијата за стопански комплекс со тех. бр. У33210.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството,

а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно "Просторниот план на Република Македонија" просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користење и уредување на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште под пасишта и ниви.**

Пренаменатa на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот во Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните води".

Со "Просторниот план на Република Македонија" на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишко", "Охридско - Струшко", "Преспа" и "Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот на кој се предвидува изградба на стопански комплекс, КО Криволак, општина Неготино, припаѓа на **водостопанското подрачје** (ВП) "Среден Вардар", кое го опфаќа сливот на река Вардар од вливот на р. Пчиња во р. Вардар до водомерниот профил "Демир Капија" на р. Вардар, без сливовите на реките Брегалница и Црна Река. На ова ВП припаѓаат десните притоки на реката Вардар: реките Тополка, Бабуна, Луда Мара и Бошава и левите притоки Отавица и Иберијска Река.

За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците, во ВП "Среден Вардар" изградени се акумулациите "Младост" на реката Отавица и "Лисиче" на реката Тополка. Основна намена на водите од акумулацијата "Младост" е наводнување на обработливите површини, заштита од поплави и нанос. Од акумулацијата "Лисиче" се врши водоснабдување на градот Велес.

Во идниот период во ВП "Среден Вардар" се предвидува изградба на акумулациите: "Велес", "Бабуна II", "Згрополци", "Градско", "Кукуречани", "Криволак", "Дуброво" и "Демир Капија" на реката Вардар и акумулациите "Бабуна" на р. Бабуна и "Венец" на р. Изворчица.

Согласно "Просторниот план на Република Македонија" основна цел во развојот на водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода за водоснабдување.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс, потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните;

- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Намалување на загубите на вода со нејзино рационално користење и примена на современи технологии во управувањето со водоснабдителниот систем.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на експлоатацијата да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинираат квалитетот на водата и капацитетот на бунарот.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на површинските и подземните води. За да се заштитат површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на "заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат;
- Изградба на пречистителна станица и испуштање на отпадните води во најблискиот реципиент од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

За наводнување на обработливите површини во ВП "Среден Вардар" изградени се системите за наводнување кои покриваат површина од 4.390 ha, а постојат можности за наводнување на уште 15.203 ha. Изворници за наводнување се планираните акумулации, реката Вардар, Црна Река и реката Бошава.

При изработка на планската документација за стопанскиот комплекс површините за сите содржини теба да се барат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштитата на земјоделското земјиште, и ограничување на неговата трансформација во градежно земјиште.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на енергетиката и енергетската инфраструктура со "Просторниот план на Република Македонија" се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство. За урамнотежување на потрошувачката и преносот на електричната енергија во сите делови на Македонија се планира подобрување на квалитетот и доверливоста на работата на електропреносната мрежа.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Република Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на

вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Постојните и планирани преносни 110kV и конективни водови немаат конфликт со локацијата за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино. Така 400kV водот Дуброво-Скипје4 минува на 4km западно од оваа локација.

Гасовод-нафтовод - Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Република Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во земјата, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-1 Клечовци-Неготино со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на овој гасовод минува далеку на југ од локацијата за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино и немаат конфликт.

Изградениот нафтовод Солун-Скопје минува далеку на југ од локацијата за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино и немаат конфликт.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки

по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од "Пописот на населението, домаќинствата и становите" спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Неготино на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 19.212 жители, од кои 45.5% претставува расположива работна сила која е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој
- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура
- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.

Изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на "Просторниот план на Република Македонија" во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна, односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над I-IV категорија);
- Изградбата на викенд населби, туристички комплекси, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.

Домување

Од неколкуте основни функции во населбите, домувањето е најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Во просторно планските документи домувањето често се набљудува како последица на промените во другите развојни сфери. Примената на концепцијата на полицентричен развој го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, особено битно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развој.

Бидејќи вложувањето во станбената изградба чини голем дел од приходот на секое домаќинство без стан, очигледно дека во услови на рационално работење и се поостра економска конкуренција, станбеното прашање на работниците, како и оние кои бараат вработување станува се поважна развојна околност. Порастот на цената на станбената изградба и одржување ќе влијае на промена на просторната стратегија на развој на голем број претпријатија кои ќе бидат принудени да ги лоцираат своите погони таму каде веќе постојат работници со решено станбено прашање.

Просторното разместување на новите стопански претпријатија треба да базира на постоечкиот станбен фонд во помалите населби и нивните технологии во склад со квалификационата структура на населението на таквите подрачја. На тој начин, постоечкиот станбен фонд, како една од почетните развојни ресурси на овие населби станува поттик за јакнење на постоечките и создавање на нови центри, на развој во функција на полицентричен развој.

Во тој контекст оваа иницијатива за изработка на **Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино**, го поддржува концептот, кој нуди **квалитетни услуги во функција на**

стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Развојот на стопанството и системот на населби, економскиот развој, зголемување на степенот на вработеност и севкупната урбанизација на просторот го условува порамномерниот развој на јавни функции, како *потреба за поголем избор на занимања, потреба од соодветно образование, како и остварување на здравствена и социјална заштита.* Мотивите, интересите и инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации и други непрофитни асоцијации се исто така значајни за организирање на јавните функции.

Реализацијата на **Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино**, поттикнува и охрабрува локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кои ќе служат за потребите на стопанството.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997 г.), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата, горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на

континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поствена врз основа на повеќе цели и плански определби од кои релевантни за Условите за планирање на просторот за изработката на Урбанистичкиот план вон населено место за **изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, се следните:**

- **вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување**;
- **развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примена на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;**
- **технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;**
- **стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонената на развојот.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според "Просторниот план на Република Македонија" (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-75** кој се поклопува со магистралниот пат М-1: (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ
- **М-1** - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А1** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3)

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)

- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција)

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15).

Железнички сообраќај-Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- **СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР .....213,5 km**
- СР - Блаце-Скопје ..... 31,7 km
- ГР -Кременица-Битола-Велес ..... 145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје..... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај - Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје да се оспособи за прием и опрема на интерконтинентални авиони (со продолжување на постојната

полетнослетна патека или со изградба на нов аеродром на друга локација), аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Реконструкција на скопскиот аеродром или активирање на локација за изградба на нов аеродром, кој ќе може без ограничување целосно да ги опслужува сите видови на патнички авиони, е определба која ќе произлезе по изработката на Студијата за аеродроми.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Предметната локација навлегува во заштитната зона на леталиштето Црвени Брегови. При изработка на планската документација, од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на леталиштето, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Комуникациска инфраструктура - Стратешка ориентација на Р. Македонија е развој на транспортен сектор кој ќе биде одржлив, интегриран во европските системи и кој ќе го подржува и поттикнува нејзиниот економски и просторен развој. Со развој на разните видови на комуникациска инфраструктура се постигнува поголема интеграција на Р. Македонија, стопански и културен развој и поврзаност со соседните држави.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Неготино.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Р. Македонија се Македонски телеком и ВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.) и
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура,
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот,
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на мобилна телефонија на двете компании.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Можни закани по животната средина од предвидените за изградба објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации, несоодветно управување со отпадот.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;

- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Урбанистичкиот план вон населено место треба да се усогласи со "Просторниот план на Република Македонија", врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16) и Законот за животна средина (Службен весник на РМ, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на "Просторниот план на Република Македонија" на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-

сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на Урбанистичкиот план вон населено место или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарна економија.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита на културното наследство видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните средини** и ридско - планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето на катастарската општина која е предмет на анализа има регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет, "Брест", Криволак, доцноримски период;*
2. *Археолошки локалитет, "Тошова Лака", Криволак, доцноримски период;*
3. *Археолошки локалитет, "Чифлик", Криволак, доцноримски период.*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитети:

- **КО Криволак** - *Брест*, населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа на околу 3 km северно од селото, во близина на левиот брег на реката Вардар; *Гробишта*, средновековна некропола, се наоѓа на западниот раб, веднаш кај влезот во селото; *Тошова Лака*, населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа на просторот помеѓу железичката пруга и асфалтниот пат, што се наоѓа на десниот брег на Вардар и на јужниот раб од селото; *Чифлик*, населба од доцноантичкото време, се наоѓа на околу 3,5 km северно од селото, на една падина што се спушта кон коритото на реката Вардар;

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот ***локалитет со културно наследство*** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање, културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и

организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Р. Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Средно Вардарскиот туристички регион со 6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно "Просторниот план на Република Македонија", **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.**

Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Индиректно загрозени простори од воени дејства се ридско-планинските и субпланинските простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени

на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" број 93/12 41/14 и 129/15), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Обврска за изградба на засолништа за основна заштита имаат инвеститорите на објектите наменети за телекомуникации, телевизиски, радио и печатени медиуми, значајни индустриски и енергетски објекти, значајни сообраќајни објекти и објекти наменети за јавни здравствени служби, образованието и културата.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките,

условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Неготино.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето

на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.

- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

1. Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
2. Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
3. Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
4. Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

"Условите за планирање на просторот" се издаваат за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино. Планскиот опфат ги опфаќа КП 679, 680, 681, 762 и дел од КП 678.

Површината на планскиот опфат изнесува 34,6 ha. Дел од локацијата зафаќа земјиште пасишта и ниви.

Предметната локација навлегува во заштитната зона на леталиштето Црвени Брегови.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со "Просторниот план на Република Македонија".

При изработка на Урбанистичкиот план вон населено место, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со "Просторниот план на Република Македонија":

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економски дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино со површина на плански опфат од 34,6 ha, ќе биде во функција на развој на локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**
- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.**
- **Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на**

предложената површина од 34,6 ha наменета за изградба на предвидените стопански објекти.

- **При изработката и реализацијата на УПВНМ треба да се има во предвид дека локацијата за која се наменети Условите за планирање граничи со планските опфати на локацијата за леталиште "Црвени Брегови" со техн. бр. У24715 и локацијата за стопански комплекс со техн. бр. У33210.**

Користење и заштита на земјоделското земјиште

- Согласно "Просторниот план на Република Македонија" просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште под пасишта и ниви.**

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

- Обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс, односно користењето и заштита на водите треба да се одвива во насока на: синхронизирана изградба на водостопанските објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода, спречување парцијални решенија кои ќе го оневозможуваат развојот на нови водостопански решенија и рационално користење на водата преку примена на современи технологии во управувањето со водоснабдителниот систем;
- Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на експлоатацијата да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се избегне пореметување на режимот на хранење на бунарите;
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно нивниот квалитет да биде доведен во согласност со “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

Урбанизација и мрежа на населби

- Изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

- Иницијатива за изработка на **Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино**, го поддржува концептот, кој нуди **квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

Јавни функции

- Реализацијата на **Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино**, поттикнува и охрабрува локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кои ќе служат за потребите на стопанството. Таа е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
- **Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на “одржлив” развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.
- **Една од основните цели на концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Репиублика Македонија" е примена на стратегијата на развој на**

високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.

Сообраќајна инфраструктура

- Според "Просторниот план на Република Македонија" (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  Е-75 кој се поклопува со магистралниот пат М-1: (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ

  М-1 - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР)
- Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

  А1 - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3)
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15).**
- **При изработка на планската документација, од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на леталиштето, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Комуникациска инфраструктура

- Предметната локација, на која се планира изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино нема конфликт со постојните и планирани комуникациски водови.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на "Просторниот план на Република Македонија" на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план вон населено место или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со Законот за заштита на културно наследство односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.
- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија при изработка на

планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Средно Вардарски туристички регион со 6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на производните и услужни дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, КО Криволак, општина Неготино, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:


Центар на макрорегион
Центар на микрорегион
Центри на просторно-функционални единици
Управа
Просторно-функц. единици
Граници на влијанија на макрорегион. центри
Општински центар

Образование
Средно Вишо Високо

Здравствена заштита
2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој
источна
југ-југ
север-југ
северна
западна

Слободна економ.зона
Автопат
Магистрален пат
Регионален пат
Железничка мрежа
Воздухоплов. пристан.
Стопански аеродром
Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23


Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



2.5 Решение за Услови за Планирање на Просторот

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-400 1/12 од 24.06.2016 година
Скопје

Врз основа на член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, 110/08 и 51/11), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44 и 44/15), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Неготино, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта на КП бр. 679, 680, 681, 762 и дел од КП бр. 678 во КО Криволак, Општина Неготино.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. Y08416 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена лесна индустрија, сервиси и стоваришта во КО Криволак, Општина Неготино, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација на УПВНМ треба да се има во предвид дека локацијата за која се наменети Условите за планирање граничи со планскиот опфат на локацијата за леталиште "Црвени Брегови", односно предметната локација навлегува во заштитната зона на леталиштето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Неготино, врз основа на член 25, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14 и 44/15), а

поднесе до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена: лесна индустрија, сервиси и стоваришта во КО Криволак, Општина Неготино. Површината на планскиот опфат изнесува 34,60 ха.

Согласно член 25, став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14 и 44/15), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена: лесна индустрија, сервиси и стоваришта во КО Криволак, Општина Неготино, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15 - 4001/1 од 07.06.2016 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта на КП бр. 679, 680, 681, 762 и дел од КП бр. 678, со плански опфат од 34,60 ха, во КО Криволак, Општина Неготино и тие претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. 15-1972/2
Дата.....16.03.2023

ДО: ОПШТИНА НЕГОТИНО

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Во врска Ваше барање со број 11-62/1 од 03.02.2023 година, доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање под бр. 15-1972/1 од 13.03.2023 година, а се однесува на: **Дали постојните Услови за планирање на просторот** за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2- лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта на дел од КП 678, КП бр. 679, 680, 681 и 762 во КО Криволак во КО Неготино, Општина Неготино, изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот со технички број Y08416, а врз основа на кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот под бр. 15 - 4001/2 од 24.06.2016 година, се на сила, односно дали важат издадените Услови за планирање на просторот за предметниот плански опфат.

Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање ги разгледа списите во предметот и констатира дека, согласно член 42 став 5 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), **Услови за планирање на просторот не се обезбедуваат** :

1. Кога на сила е истиот Просторен план на Република Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат,
2. кога се врши изменување и дополнување на урбанистички план додека е на сила истиот Просторен план на Република Северна Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат.

За таа цел, Ве информираме дека за тој опфат, за кој веќе е издадено Решение за услови за планирањ на просторот под бр. 15 - 4001/2 од 24.06.2016 година, врз основа на Елаборат (со тех.бр. Y08416), **важат и истите можат да се користат** се додека е на сила истиот Просторен план на РМ, додека при изменување и дополнување на урбанистичките планови со кои се врши проширување на планскиот опфат, се обезбедуваат услови за планирање на просторот само за делот за кој се проширува планскиот опфат.

Со почит,

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изработил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ



ЛЕГЕНДА

	граница на опфат		
	граница на катастарска парцела		
	земјен - тампониран пат		
	регионален асфалтен пат Неготино-Градско		
	жичана ограда		
	среднонапонски 20кВ ел. вод		
	граница на КО		
	соло линии	110	број на детална точка
	изохипса 0.5 м	173.57	надморска висина
	изохипса 1 м	681/1	број на катастарска парцела
	изохипса 5 м		

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ЗА ОПФАТ ноември 2022 ГОД.

Р = 1 : 4200

"Г Е О Т О П О К А Т" доо ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ Подружница НЕГОТИНО	Управител: Доне Ѓорѓиев дипл. геод. инж.

ОПШТИНА	НЕГОТИНО		КО Криволак
	м.в. Широко поле , Криволак		
ПЛАНСКИ ОПФАТ:	УПВНМ КРИВОЛАК		
РАБОТЕН ТИМ:	ГЕО ТОПОКАТ доо Подружница Неготино	Овластен геодет: Доне Ѓорѓиев дипл. геод. инж.	ноември 2022 год.

Решение за одобрување на Планска Програма

Република Северна Македонија
Општина Неготино
Градоначалник

Број: 11-188/5
Дата: 05.04.2023 год.

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Ацо Аџи Илов,бр.2
1440Неготино
Република Северна Македонија

Тел. (043) 361-045
Фак.(043) 361 933

www.negotino.gov.mk
info@negotino.gov.mk

Градоначалникот на општина Неготино, решавајќи по доставениот предлог од страна на комисијата за урбанизам на општина Неготино, за издавање на Решение за одобрување на **Планска програма за измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-254/2022 од март, 2023 год, изработена од ,,ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје, а врз основа на член 44 став 7 од (Службен весник на РСМ бр. 32/20), го донесува следното:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА **Планска програма за измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-254/2022 од март, 2023 год, изработена од ,,ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје.

Составен дел на ова Решение е **Планска програма за измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-254/2022 од март, 2023 год, изработена од ,,ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за урбанизам на општина Неготино до градоначалникот на општина Неготино, поднесе предлог број 11-188/4 од 05.04.2023 година за издавање на решение за одобрување на **Планска програма за измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-254/2022 од март, 2023 год, изработена од ,,ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје со комплетна документација:

1. Услови за планирање на просторот, бр.Y08416, од мај 2016 год. од Агенција за планирање на просторот;

2. Решение за услови за планирање на просторот 15-4001/2 од 24.06.2016 од Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање;

3. Решение за формирање на комисија за урбанизам, бр. 09-520/1 од 20.07.2022 год.;

4. Геодетски елаборат за ажурирана подлога бр. 0801-173/3 од 05.12.2022 година од „ГЕО ТОПО КАТ" ДОО Подружница Неготино;

5. Извод од УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино со одлука бр. 08-555/3 од 15.11.2018 година, извод бр. 62 , УП 11-106 од 30.03.2023 година;

6. Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. 15-1972/2 од 16.03.2023 година;

7. Планска програма за измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино со тех. бр. 04-254/2022 од март, 2023 год, изработена од ,,ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје.

Врз основа на гореизнесеното, Градоначалникот на општина Неготино одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба преку општина Неготино, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Општина Неготино
Градоначалник
Горан Стојанов

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

А) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

0. ВОВЕД

Согласно Годишната Програма за изработка на урбанистички планови во општина Неготино за 2023 година, е пристапено кон изработка и донесување на **Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678, КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино**.

Целта на изработката на Урбанистичкиот план вон населено место е да се создадат услови за просторен економски развој на овој плански опфат за кој моментално постои планска документација, одобрен Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2 дел и 4178 дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени брегови 2 и К.О. Неготино. Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино има за цел да го задржи претходниот концепт со измена на намената на одредени делови од планскиот опфат и ширината на профилите на новопланираните улици кои како категоризација и местоположба се превземени од одобрениот УПВНМ. Како подлоги за оваа техничка документација се користен одобрен УПВНМ за лесна индустрија на КО бр. 556дел, 678дел, 679дел, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, КО Криволак, КО Црвени Брегови 2, КО Неготино.

Со изработката на Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино, ќе се создадат услови за уредување на просторот, согласно намената и комунално уредување. Основа за изработка на предметниот Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино се одредбите на член 16 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), согласно кој Урбанистички план за вон населено место е урбанистички план кој се донесува за групи на градби и комплекси, поголеми градби или инфраструктурни градби од локално значење, кои се наоѓаат вон од населено место, односно кои не се опфатени ниту со генерален урбанистички план ниту со урбанистички план за село.

Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО

Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино е со плански опфат од 34.56 ха. Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино содржи текстуален, графички и нумерички дел, односно плански одредби со граници на блокови, граници на зони според намена на земјиштето, просторна организација и услови за градење, регулациони линии, планско решение на инфраструктурата и графички прикази за планскиот опфат, изработени во размер 1: 1000.

Предлог Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино е изготвен врз основа на:

Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички План Вон Населено Место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта на КП бр. 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3, 762 и дел од КП 678, КО Криволак Општина Неготино кои произлегуваат од Просторниот план на Р. Македонија со тех.бр. Y08416 од мај 2016 изработени од Агенција за планирање на просторот и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање бр.УП1 15-4001/2 од 24.06.2016 година (дадени во прилог на урбанистичкиот план).

Ажурирана геодетска подлога и теренско снимање од страна на овластени стручни лица.

Претходно одобрен Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени брегови 2 и К.О. Неготино.

0.1 ЦЕЛ И ПРЕДМЕТ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Цел на изработката на Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино е да се создадат реални услови за уредување на просторот согласно намената и комунално уредување, односно да се создадат услови за изградба на Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, согласно Програмата на општина Неготино.

Овој урбанистички план вон населено место целта ќе ја оствари целта со анализа на постојната состојба, преку анализата на постојните елементи карактеристични во просторот како и природните и создадени чинители во просторот, со помош на кои ќе се дефинира планскиот опфат во кој во иднина ќе се одвива урбаниот развој на центарот. Ќе се надоврзе на постојниот одобрен Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556дел,

678дел, 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени брегови 2 и К.О. Неготино.

0.2 МЕТОДОЛОГИЈА

Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино, ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), како и подзаконските акти што произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

0.3 ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино се изработува врз основа на член 16 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) и другата законска регулатива од областа на уредувањето на просторот и урбанистичкото планирање.

Подрачјето на планскиот опфат од 34.56 ха е утврдено врз основа на постојната состојба утврдена со увид на лице место од страна на стручни лица – изготвувачи на урбанистичкиот план и податоците добиени од Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште при општина Неготино.

1. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ЗА НЕГОВИТЕ КОНТАКТНИ СОСЕДНИ ПРОСТОРИ

Границата на планскиот опфат на Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино во графичкиот дел од планската документација е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, кои може да се отчитаат на дигитализирана векторизирана подлога врз која се изработени графичките прилози. Предметниот плански опфат е со површина од **345637.5м^2** или **34,56 ха**. Предметниот плански опфат и називот се превземени од Одобрениот УПВНМ врз кој се заснова оваа Измена и дополна. Во рамки на овој опфат се опфатени следните парцели: дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681/1, КП 681/2, КП 681/3, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино.

Граници на планскиот опфат се:

- на север границата се движи кон исток по границата на КП бр. 678 со КП 510/2, КП 511, КП 524/1, КП 677/1, КП 674, КП 672, КП 667/3, КП 667/2, КП 666, КП 663 и КП 662 КО Криволак од запад кон исток;

- на североисточна страна опфатот минува низ границата меѓу КП 682 и КП 681/1 КО Криволак;

- потоа се прекршува и кон југоисток и минува низ границата на КП 681/1 и КП 752/1 КО Криволак;

- границата на опфатот се прекршува кон северозапад и минува низ границата на КП 681/1 и КП 683/2 КО Криволак;

- повторно се прекршува кон југозапад и минува низ границата на КП 681/1 и КП 683/2 и КП 683/4 КО Криволак;

- продолжува кон југоисток низ границата на КП 681/1 и КП 683/4 КО Криволак;

- се прекршува кон југ и од југоисточната страна минува низ КП 1006/2 и во најјужниот дел низ КП 1000/1 и КП 4178/1 КО Неготино;

- се прекршува кон северозапад и минува низ КП 4178/1 КО Неготино, потоа низ КП 556 КО Црвени Брегови 2;

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 72, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по Y и X координати:

1	7589961,308	4597967,447
2	7589964,12	4597969,92
3	7589966,59	4597972,4
4	7589985,5	4597983,88
5	7590024,94	4597999,83
6	7590037,03	4597999,95
7	7590058,75	4597998,88
8	7590071,56	4598001,01
9	7590102,17	4598010,07
10	7590135,46	4598022,76
11	7590146,95	4598026,73
12	7590206,54	4598038,47
13	7590238,1	4598044,98
14	7590290,81	4598051,87
15	7590338,17	4598051,08
16	7590385,16	4598048,81
17	7590403,78	4598045,06
18	7590449,76	4598024,63
19	7590490,17	4598005,83
20	7590540,12	4597989,62
21	7590590,17	4597980,53
22	7590663,08	4597964,56
23	7590719,12	4597957,78
24	7590734,01	4597958,58
25	7590746,94	4597960,88
26	7590803,37	4597959,46
27	7590869,4	4597960,17
28	7590954,63	4597958,23
29	7591010,83	4597960,18
30	7591048,7	4597962,68
31	7591105,17	4597965,6
32	7591126,52	4597969
33	7591173,52	4597976,65
34	7591175,63	4597977,35
35	7591220,79	4597992,27
36	7591263,94	4598008,84
37	7591284,42	4598014,85
38	7591327,88	4598026,26
39	7591384,64	4598040,33
40	7591440,77	4598054,71
41	7591449,15	4598057,01
42	7591507,534	4598072,352
43	7591522,76	4598027,79
44	7591485,5	4598006,94
45	7591440,73	4597981,74
46	7591410,02	4597961,96
47	7591381,84	4597946,39
48	7591338,61	4597924,4
49	7591294,81	4597903,3
50	7591245,52	4597878,38
51	7591210,59	4597861,16
52	7591136,21	4597957,21
53	7591038,1	4597880,83
54	7590998,65	4597850,38
55	7591051,228	4597780,233
56	7591046,498	4597776,987
57	7590994,671	4597750,388
58	7590962,638	4597731,844
59	7590934,167	4597718,043
60	7590829,462	4597675,808
61	7590765,887	4597653,372
62	7590691,052	4597624,105
63	7590635,709	4597596,119
64	7590595,352	4597574,389
65	7590563,089	4597547,317
66	7590525,827	4597573,083
67	7590428,202	4597634,859
68	7590360,902	4597677,446
69	7590292,444	4597720,766
70	7590195,977	4597781,81
71	7590120,424	4597832,671
72	7590041,041	4597895,694

Република Северна Македонија
Општина Неготино

Градоначалник

Број 11-617/5
Дата 26.05.2025год.

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Аџо Аџи Илов,бр.2
1440 Неготино
Република Македонија

Тел. (043) 361- 045
Ф: (043) 361 933

www.negotino.gov.mk
info@negotino.gov.mk

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23) Комисијата за урбанизам, формирана од градоначалникот со Решение бр. 09-183/1 од 02. 02. 2024 година а во врска со допис од Министерство за транспорт број 21-4693/2 од 18.12.2024 година, се состана на ден 26.05.2025 година и го донесе следното

М И С Л Е Њ Е

Во однос на катастарските парцели кои се во **Планска програма за измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-254/2022 од март, 2023 год, изработена од ,,ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје, а не се во Решение за услови за планирање на просторот 15-4001/2 од 24.06.2016 од Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање согласно Услови за планирање на просторот, бр.Y08416, од мај 2016 год. од Агенција за планирање на просторот, Комисијата го утврди следното:

- Катастарските парцели КП 556, КП 1000/1 и КП 1006/2 и 4178/1 се постоечки улици по кои се движи границата на планскиот опфат и како и такви не влегуваат во површините на новоформираните градежни парцели, а со тоа и нема потреба да бидат дел од Решението за услови за планирање;
- Во однос на катастарската општина, во Решението за услови за планирање е КО Црвени Брегови 2 а во Планска програма е КО Неготино. Во решението за услови за планирање наведената КО не е Црвени Брегови 2 туку КО Криволак;
- Во Планската програма точно се наведени катастарските парцели: КП 556 (Постоечка Улица) е во КО Црвени Брегови 2 – планскиот опфат се движи по неа; КП 678, 679, 680, 681 и 762 се во КО Криволак (што е во согласност со условите за планирање), а КП 1000/1, 10006/2 и 4178/1 (Постоечки Улици – пласкиот опфат се движи по нив) се во КО Неготино со тоа се е усогласено во однос Решението за условите и планската програма

Согласно горенаведеното, Комисијата дава Мислење дека може да продолжи со понатамошната постапка за донесување на Планската документација.

- Согласно приложениот извод од план бр. 11-106 од 30.03.2023 година издаден од Општина Неготино, и извршениот преклоп со ажурираната геодетска подлога комисијата за урбанизам изврши увид и се констатира дека графички нема проширување на приложениот опфат кој е во донесување и истиот е во согласност со веќе донесениот УПВНМ за лесна индустрија КП 556 дел, и 678 дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1 дел,1006/2, 4178 дел КО Криволак, Ц.Брегови, Неготино донесен со Одлука бр. 08-555/3 од 15.11.2018 год.

Комисија за урбанизам:

1. Весна Ѓорчева, диа — Vesna Gjorcheva — Digitally signed by Vesna Gjorcheva Date: 2025.05.29 12:19:52 +02'00'
2. Цветанка Тодорова, диа — Cvetanka Todorova
3. Тони Петков, диа — Toni Petkov — Digitally signed by Toni Petkov Date: 2025.05.29 13:24:40 +02'00'

2. ИЗВОДИ ОД ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО НА ПЛАНИРАЊЕ И ДРУГИ ПОДАТОЦИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДРУГИ РАЗВОЈНИ ДОКУМЕНТИ, ПЛАНОВИ И СТРАТЕГИИ ЗА РАЗВОЈ

Планови од повисоко ниво кои се користени за изработката на оваа техничка документација се - Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички План Вон Населено Место за изградба на објекти со намена Г2 - лесна индустрија, Г3 - сервиси и Г4 - стоваришта на КП бр. 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3, 762 и дел од КП 678, КО Криволак Општина Неготино кои произлегуваат од Просторниот план на Р. Македонија со тех.бр. Y08416 од мај 2016 изработени од Агенција за планирање на просторот и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. УП1 15-4001/2 од 24.06.2016 година (дадени во прилог на урбанистичкиот план).

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Во третираниот плански опфат се опфатени следните катастарски парцели дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, КП678, КП679, КП680, дел од КП681/1, КП681/2, КП681/3, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 КО Неготино.

За опфатот постои донесен Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3дел, 762, 1000/1дел, 1006/2 дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени брегови 2 и К.О. Неготино донесен со согласност од

Министерство за транспорт и врски со арх. Број 11-84/25 од 10.10.2018 години, со истиот опфат кој е предмет на оваа техничка документација за **Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино.**

Парцелите КП 681/1,КП 681/2, КП 681/3, КП 762, КО Криволак се формирани со физичка делба на КП 681 КО Криволак која била предмет на Одобрениот УПВНМ кој е доставен во прилог, преку реализација на истиот УПВНМ.

За опфатот постои и донесен соседен Урбанистички план вон населено место за Стопански комплекс за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на земјоделски производи, КП 1000, К.О. Неготино. Овој план е донесен со одлука бр. 07-437/4 од 13.09.2012, опфатот на истиот се наоѓа јужно од предметната локација.

По барање на ЕЛС Неготино од Агенцијата за планирање на просторот изработени се

Услови за планирање на просторот, со тех. број 08416, од мај 2016. Министерството за животна средина и просторно планирање, има донесено Решение за услови за планирање на просторот, под број 15 –4001/2 , од 24.06. 2016 година.

4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

За планскиот опфат **Измена и дополна на УПВНМ за леснаиндустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино** од страна на надлежните органи и институции не се доставени студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање.

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие опфаќаат: географска и геопрометна положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др. Комплексот на природните фактори представува исклучително значаен чинител за развојот на планскиот опфат. Со анализа на природните фактори се овозможува да се согледаат позитивни или негативни влијанија врз развојот на блокот.

5.1 ГЕОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарие. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешковардарски регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со

Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 414 км2 и во неа живеат 19.212 жители, во градот Неготино и во други 18 населени места, од кои 4 се целосно раселени. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 м. Територијата на општината Неготино, како дел од областа Тиквеш и Повардарје, е под влијание на медитеранската клима, која продира од југ, преку Демиркаписката Клисура, и на континенталната клима, која продира од север, преку Велешката Котлина.

5.2 РЕЛЈЕФНИ УСЛОВИ, НАКЛОН И ЕКСПЛОЗИЈА НА ТЕРЕНИТЕ

Градот Неготино и неговото непосредно окружување од геолошки аспект припаѓа на Вардарската геотектонска зона. Геолошкиот состав, како резултат на тектонските движења е изразито сложен, односно го сочинуваат алувијално делувијални седименти, неогена песоклива серија.

5.3 ГЕОТЕКТОНСКИ И ИНЖЕНЕРСКО-ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Градот Неготино и неговото непосредно окружување од геолошки аспект припаѓа на Вардарската геотектонска зона. Геолошкиот состав, како резултат на тектонските движења е изразито сложен, односно го сочинуваат алувијално делувијални седименти, неогена песоклива серија, неоген бигровит варовник, квартерни песоци, чакали, туфови и бречи. Имајќи го во предвид споменатиот геолошки состав, земјишните слоеви на кои е изградено Неготино задоволуваат како во однос на носивоста така и во однос на влагата особено со оглед на фактот да не постои никаква опасност од подземни води.

5.4 СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Подрачјето на општина Неготино се наоѓа во Вардарската сеизмогена зона со максимална регистрирана јачина на поместување на тлото од 7о по МЦС скалата. Горната граница на магнитудата на очекуваните земјотреси е 8о по МЦС скалата. Теренот според инженерско – геолошките карактеристики е претежно стабилен со постојани физичко-механички својства кои не подлежат на битни измени под влијание на надворешни фактори или на човекот.

5.5 КЛИМАТСКИ И МИКРОКЛИМАТСКИ УСЛОВИ НА РЕГИОНОТ

Климатските и микроклиматските карактеристики за овој терен се земени од мерните станици Неготино. Подрачјето на регионот се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир-Каписката клисура и на континентална клима која продира од север. Во овој простор има интензивна инсолација со време траење од 2230 часа сончев сјај годишно. Подрачјето е оскудно со врнежи. Просечно годишно врнежите изнесуваат 437 мм, со максимум во есен и пролет. Градот Неготино е лоциран на најсушното подрачје во Републиката. Појавата на магли е ретка, додека ветровите се чести и најголема честина имаат од насоките север - северо-запад.

Територијата на општината Неготино како дел од областа Тиквеш и Повардарие е под влијанија на медитеранската клима, која продира од југ преку Демиркаписката клисура и на континенталната клима, која продира од север преку Велешката котлина. Климата се карактеризира со:

– просечна температура на воздух 13.5^{O} C,
– средна летна температура 24.7^{O} C,
– средна зимска температура 3.1^{O} C,
– број на денови со температура под 0^{O} C - 58 и температурна амплитуда 58.6 ^{O} C.

Најстуден месец е јануари, со средна минимална температура од –1.4˚C, додека најтопли месеци се јули и август. Ова подрачје се карактеризира со многу мали количества врнежи, кое на годишно ниво просечно изнесува 450мм/м^2. Просечна влажност 67%. Просечно годишно траење на сончевото зрачење

изнесува 2230 часа. Најчести ветрови на овој простор се север и северо-западниот ветар.

5.6 ХИДРОГРАФИЈА И ХИДРОЛОГИЈА

Хидрографската мрежа е изразито ретка, составена од реката Вардар. Од хидрографски аспект теренот на градот располага со слабо издашни извори. Подземните води се на голема длабочина, освен на терените околу Тимјаничка река.

6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Начинот на употребата на земјиштето во рамките на проектниот опфат е условена од создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата. Тука пред се, се мисли на чинителите од демографски стопански, економски и сообраќаен аспект. Со добрата сообраќајна врска, демографскиот раст и развој, економскиот раст на производството, се развива малото стопанство и потребата од изградба на нови и проширување на постојните капацитети, како и создавање на услови за планирање на организирани простори на градба кои ќе бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето. Ова условува потреба од нови опфати со вакви содржини кои го детерминираат начинот на употребата на земјиштето во рамките на проектниот опфат.

6.1 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, НА ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА СО ОДРЕДЕНА НАМЕНА, СОСТОЈБА, СТРУКТУРА, КАКО И НА ГРАДБИТЕ ШТО СЕ ВО ФАЗА НА ГРАДЕЊЕ

Предметниот плански опфат е со површина од **345637,5м^2** или **34,56** ха. Граници на планскиот опфат се:
- на север границата се движи кон исток по границата на КП бр. 678 со КП 510/2, КП 511, КП 524/1, КП 677/1, КП 674, КП 672, КП 667/3, КП 667/2, КП 666, КП 663 и КП 662 КО Криволак од запад кон исток;
- на североисточна страна опфатот минува низ границата меѓу КП 682 и КП 681/1 КО Криволак;
- потоа се прекршува и кон југоисток и минува низ границата на КП 681/1 и КП 752/1 КО Криволак;
- границата на опфатот се прекршува кон северозапад и минува низ границата на КП 681/1 и КП 683/2 КО Криволак;
- повторно се прекршува кон југозапад и минува низ границата на КП 681/1 и КП 683/2 и КП 683/4 КО Криволак;
- продолжува кон југоисток низ границата на КП 681/1 и КП 683/4 КО Криволак;
- се прекршува кон југ и од југоисточната страна минува низ КП 1006/2 и во најјужниот дел низ КП 1000/1 и КП 4178/1 КО Неготино;
- се прекршува кон северозапад и минува низ КП 4178/1 КО Неготино, потоа низ КП 556 КО Црвени Брегови 2;

Во рамки на вака дефинираниот опфат влегуваат следните катастарски парцели дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, КП678, КП679, КП680, дел од КП681/1,

КП681/2, КП681/3, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 КО Неготино. Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки Во рамки на вака дефинираниот проектен опфат не се евидентирани градби.
Од ажурираната геодетска подлога може да се увиди изграденоста на теренот.
Локацијата претставува неуредено и неизградено земјиште.
Релевантен регионален патен правец за предметната локација е регионалниот пат Р103 (Велес- Неготино).Предметната локација се наоѓа источно од овој патен правец.

6.2 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ И ВОДОВИТЕ ОД ВКУПНАТА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА

6.2.1 Водоводна, канализациона и атмосферска мрежа

Водоснабдувањето подразбира обезбедување на санитарно чиста вода за потребите на лесната индустрија, одржување на комунална хигиена и др. Квалитетното водоснабдување подразбира и континуирано доведување на вода до потрошувачите во текот на цела година, со потребен квалитет, количина и притисок. Предметниот плански опфат, припаѓа на водостопанското подрачје “Среден Вардар”. На ова ВП припаѓаат десните притоки на реката Вардар. За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал, изградена е акумулацијата “Младост” на р. Отавица. Основна намена на водите од акумулацијата е наводнување на обработливите површини, заштита од поплави и нанос.

Согласно Одговорот на барање добиено од страна на ЈП Комуналец Неготино, бр. 08-22/2 од 13.04.2023, во рамките на опфатот не постојат инфраструктурни водови од доменот на владение и одржување на ЈП „Комуналец“.

На локацијата нема изградено систем за прифаќање на отпадните води. Има можност за изведување на пречистителна станица од каде отпадните води подложени на пречистување би се испуштиле во реципиентот р. Вардар.

6.2.2 Систем за наводнување

Согласно податоците издадени од Водостопанство во рамките на планскиот опфат постои постоечки систем за наводнување.

Постоечките водоводни инсталации се инвентаризирани и внесени во графичките прилози.

Во рамките на планскиот опфат постојат инсталации од Ф175, Ф200, Ф250, Ф280, Ф300, Ф350, Ф450, Ф500 и Ф600. За сите нив се предвидени заштитни појаси. За инсталациите од Ф175, Ф200, Ф250, Ф280, Ф300 и Ф350 предвиден е заштитен појас од 6м. За инсталациите од Ф450, Ф500, Ф600 предвиден е заштитен појас од 12м.

6.2.3 Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура и јавно осветлување

6.2.3.1 Електроснабдителна инфраструктура

Согласно дописот од **ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ** Скопје со бр.10-26/3-612 од 12.12.2022 во рамки на проектниот опфат постои далекувод со јачина 10(20)kv подземна мрежа и 10(20)kv надземна мрежа, кој е вграден во графичкиот прилог *Инвентаризација и снимање на изграден градежен фонд и изградена комунална инфраструктура и супраструктура.*

Согласно дописот од **АД МЕПСО** со бр.11-6845/1 од 14.12.2022 во рамки на планскиот опфат нема ЕЕ објекти во сопственост на МЕПСО.

Има можност за поставување на трафостаници во рамките на планскиот опфат од каде би се задоволиле потребите од електрична енергија.

6.2.3.2 Телекомуникациска инфраструктура

Телекомуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии. Телефонските корисници во ова подрачје во комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Неготино. Теренот е исто така покриен со сигнали од мобилната телефонија, на Т – Мобиле, ОНЕ и ВИП.

Согласно дописот бр. 47806 од 12.12.2022 год. Од **Македонски Телеком АД Скопје** во рамките на предметниот плански опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно дописот бр. 1404-3464/2 од 15.12.2022 год. од **АЕК** во рамки на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

6.3 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ПРОГЛАСЕНИ ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ЗАШТИТЕНИ ПРИРОДНИ ПРЕДЕЛИ, ПРИРОДНИ БЛАГА, ДОБРА И ДРУГИ ЗАШТИТЕНИ ЕНТИТЕТИ

Согласно дописот од Управата за заштита на културно наследство со бр.17-31232/2 од 12.12.2022 год констатирано е дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Но, доколку при реализација на овој УПВНМ се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи согласно со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр.: 20/04, бр.71/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15,39/16,11/18 и 20/19).

7. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, СО АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИ И СОСТОЈБИ ВО ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, СО АНАЛИТИЧКИ ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ОД СОСЕДНИТЕ ПЛАНСКИ ОПФАТИ

Подрачјето кое е предмет на разработка со овој урбанистички план претходно бил предмет на урбанизација и за дел од градежните парцели се издадени одобренија за градба. Градежните парцели за кои се издадени одобренија за градба се задржани параметрите во овој УПВНМ.

8. ОЦЕНКА ЗА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБАТА ВО ПРОСТОРОТ

Планскиот концепт на развојот и уредувањето на селските подрачја (во овој случај се работи за простор кој е најблизу до селски населби), претставува значајно, стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Негова основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во руралната средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален - сеопфатен развој на селото.

9. ДРУГИ ПОДАТОЦИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВОТО ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), пристигнати се информации и податоци од релевантни државни и јавни институции и стручни служби на јавни претпријатија, кои се приложени како дел од оваа точка.

1. Агенција за електронски комуникации со бр. 1404-3464/2 од 15.12.2022 год.
2. Агенција за цивилно воздухопловство со бр. 12-8/1365 од 06.12.2022 год.
3. Национални енергетски ресурси со бр. 15-3482/2 од 12.12.2022 год.
4. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со бр. 40-12980/4 од 14.12.2022 год.
5. Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со бр. 10-26/3-612 од 12.12.2022 год.
6. Дирекција за заштита и спасување - Неготино со бр. 09/3-60/2 од 04.05.2023 год.
7. Македонски Телеком АД Скопје со бр. 47806 од 12.12.2022 год.
8. Јавно претпријатие за државни патишта со бр. 10-12309/2 од 13.12.2022 год.
9. АД МЕПСО со бр. 11-6845/1 од 14.12.2022 год.
10. ЈП Комуналец Неготино со бр. 08-22/2 од 13.04.2023 год.
11. Министерство за култура-Управа за заштита на културно наследство со бр. 17-3123/2 од 12.12.2022 год.
12. Јавно претпријатие за железничка инфраструктура со бр. 2001-5666/2 од 22.12.2022 год.
13. Министерство за животна средина и просторно планирање бр.15-1972/2 од 16.03.2023 год.

Наш број:1404-3464/2
Скопје: 15 .12. 2022г.

ДО:
„ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ -Скопје
ул."Мајка Тереза" бр. 18-1/1
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваше барање бр. 04-250/2022 преку е-урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678, КП679, КП680, дел од 681/1, 681/2, КП681/3, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 КО Неготино, Општина Неготино, према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска 06.12.2022 С Јовевска
Раковoдител на сектор
Д-р Борис Арсов
Советник на Директорот
Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

До: **ПАРАМЕТАР ДООЕЛ Скопје**

бр. 12-8/1365

Скопје, 06.12.2022 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 04-250 од 05.12.2022 година
e-urbanizam, постапка бр. 47806

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678, КП679, КП680, дел од 681/1, 681/2, КП681/3, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот
бр.02-537/1 од 18.05.2022 година)

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

До:
БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

Бр.-Nr. 15-3482/2
12. 12. 2022 год./vit
Скопје-Shkup

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање податоци, информации, со ваш бр. 0801-431/20 од 02.12.2022 год.

Согласно вашето Барање на податоци и информации, за Урбанистички план вон населено место Горица Исток – опфат 1, Општина Охрид,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
2697

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

14.12. 2022

АРХИВСКИ БРОЈ: 40 - 12980/4

ДО: ПАРАМЕТАР ДООЕЛ Скопје
Ул. Мајка Тереза бр.18-1/1, Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање на податоци и информации со Ваш Бр 04-250/2022 од 05.12.2022 година, во прилог е одговорот од Подрачна единица Неготино со Арх. Бр. 59-1241/2 од 13.12.2022 година.

Со почит,

Помошник раководител на Сектор
Аднан Алии

Изработил: Ивана Димитровска
Контролирал: Анѓа Симоновска
Одобрил: Розе Димовска

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанствона
Република Северна Македонија

Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ЕН ИСО 9001:2015

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

Примено: E pranuar:	14.12.2022		
Орг. един. Nj. org	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlera
	40-12980/3		

ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА НЕГОТИНО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено:	14.12.2022		
Орг. единица Nj. Organizative	Број Numri	Прилог Shtojca	Вредност Vlera
40-	12980/		

Датум: 13 декември 2022

АРХ.БР: 59-1241/2

ДО : СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

ПРЕДМЕТ: ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Почитувани,
Врз основа на вашето барање со ваш архивски број 40-12980/2 од 07.12.2022 година, ве известуваме дека според податоците со кои располага ПЕ Неготино Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на следниве парцели:

КП 1000/1 КО Неготино, општина Неготино нема склучено договор за закуп.
КП 1006/2 КО Неготино, општина Неготино нема склучено договор за закуп.
КП 4178/1 КО Неготино, општина Неготино нема склучено договор за закуп.
КП 556 КО Црвени Брегови 2, општина Неготино нема склучено договор за закуп.
КП 678 КО Криволак , општина Неготино нема склучено договор за закуп.
КП 679 КО Криволак , општина Неготино има склучено договор за закуп.
КП 680 КО Криволак , општина Неготино има склучено договор за закуп.
КП 681/1 КО Криволак , општина Неготино има склучено договор за закуп.
КП 681/2 КО Криволак , општина Неготино се наоѓа во приватна сопственост.
КП 681/3 КО Криволак , општина Неготино се наоѓа во приватна сопственост.

КП 762 КО Криволак , општина Неготино нема склучено договор за закуп.

Изготвил:Сашко Минов
Контролирал: Сашко Минов

Овластен раководител
Сашко Минов

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-26/3-612 од 12.12.2022
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски

Контакт телефон: 072 933 420

e-mail: martin.jankovski@evn.mk

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 04-250/2022 од 12.05.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678, КП679, КП680, дел од 681/1, 681/2, КП681/3, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи

13. ИЗВОД ОД УПВНМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА НЕГОТИНО
Број: 11-106 од 30. 03. 2023 год.
Одделение за урбанизам и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 62
УПВНМ: за лесна индустрија КП 556 дел, 678 дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1 дел,1006/2 4178 дел КО Криволак, Ц.Брегови, Неготино
Одлука број: 08-555/3 од 15. 11. 2018 год.
Намена на градба: Г2- Лесна индустрија
ул. „/“ бр. Неготино
КО Неготино
ДЛ бр. / **М = 1 : 1000**

ИЗВОДОТ ЗА КП бр.556 ,678 дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2 и 4178дел К.О.Криволак,К.О.Црвени Брегови,К.О. Неготино,Општина Неготино;

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

а) Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:
- легенда
- табела со нумерички показатели

б) Заверена копија од други графички прилози со легенда
- инфраструктурен план со легенда
- сообраќаен и нивелациски план со легенда

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

а) Заверена копија од: општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

Б) Податоци за постојна инфракструктура и приклучоци
- постоечка улица „/“
- нема приклучок на водоводна и фекална мрежа
- нема приклучок на НН мрежа


изготвил: Violeta Boshkova

контролирал: Vesna Gjorcheva Digitally signed by Vesna Gjorcheva Date: 2023.03.30 08:41:24 +02'00'

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНА;
Goran Stojanov Digitally signed by Goran Stojanov Date: 2023.03.30 08:43:31 +02'00'

М. П.

УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино



ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- Б1, Б2... ОЗНАКА НА БЛОК
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1,1,1,2,... НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- Е1 - СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
- Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
- Д - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
- Е.2 - [illegible]
- Е.3 - [illegible]

Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- ϕ150-ϕ100
- ϕ200
- ϕ600-ϕ500
- ϕ500
- 35kV
- 0,4kV
- 10(20)kV
- инфраструктурен коридор

РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103
профил 1-1

РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103
профил 2-2

ОПШТИНСКИ ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК
профил 3-3

СЕРВИСНА УЛИЦА
улица „Новопланирана 2"
профил 4-4

СЕРВИСНА УЛИЦА
улица „Новопланирана 3"
профил 4'-4'

ИНДУСТРИСКИ УЛИЦИ
улица „Новопланирана 1", „Новопланирана 4" и „Новопланирана 5"
профил 5-5

ПЕШАЧКА УЛИЦА
профил 6-6

УПВНМ КО Криволак за Г2-лесна индустрија, опфатена На готово

БЛОК 1

ГП бр	Површ. на ГП	Површ. за изградба	Број на објекти	Вредност на објекти	Проценета вредност	Коефициент на изграденост	Класа на објекти	Класа на земјиште	Катастарска култура	Катастарска класа	Површина	Број на парцела	Место на лоцирање
1.1	17872	1	2442	10228	10	0.6	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
		вк	10490	32089	60	1.8	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
		1	4562	11595	25	0.6	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
1.2	17569	2	9110	16257	35	1.0	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
		вк	13621	31863	60	1.8	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
1.3	28714	2	3007	27021	45	1.0	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
		вк	12469	37977	63	1.8	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
1.4	21070	1	2422	7840	12	0.4	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
		2	11929	34960	55	1.6	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
		вк	14342	42729	65	2.0	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
1.5	22060	1	1559	5058	8	0.2	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
		2	12822	36000	54	1.6	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
		вк	13718	41164	62	1.8	Г2			1 кл.	П+2		во појасот
1.6	223		35	35	56	0.2	Г2			4.0м	П		
1.7	52		35	35	56	0.5	Г2			4.0м	П		
1.8	53		35	35	56	0.5	Г2			4.0м	П		
Вк.	100034		62041	185914	62	1.9							

Вк.	15004	Д2	Заштитно зеленило
Вк.	000273	Е1	Сообраќајна инфраструктура

БЛОК 1 125 917 м2

БЛОК 2

ГП бр	Површ. на ГП	Површ. за изградба	Број на објекти	Вредност на објекти	Проценета вредност	Коефициент на изграденост	Класа на објекти	Класа на земјиште	Катастарска култура	Катастарска класа	Површина	Број на парцела	Место на лоцирање
2.1	10336	10452	10247	74	2.2	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
2.2	13800	14179	42928	74	2.2	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
2.3	12742	8440	15247	46	2.0	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
2.4	2012	1000	3000	18	1.1	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
2.5	2402	925	2784	17	1.1	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
2.6	2049	1071	3213	40	1.2	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
2.7	2621	1521	2283	40	1.2	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
2.8	80	35	70	44	0.4	Г2				4.0м	П		
Вк.	59604	39235	117635	66	2.0								
Вк.	2543	Е1	Системи за навигација										
Вк.	8040	Е1	Сообраќајна инфраструктура										

БЛОК 2 69 592 м2

БЛОК 3

ГП бр	Површ. на ГП	Површ. за изградба	Број на објекти	Вредност на објекти	Проценета вредност	Коефициент на изграденост	Класа на објекти	Класа на земјиште	Катастарска култура	Катастарска класа	Површина	Број на парцела	Место на лоцирање
3.1	3600	1200	4054	52	1.5	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
3.2	9706	1902	5707	53	1.6	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
3.3	3620	1952	5976	52	1.5	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
3.4	3300	1999	5996	54	1.6	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
3.5	3632	2026	6079	53	1.6	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
3.6	3713	1925	5415	49	1.5	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
Вк.	31460	11279	33038	52	1.5								
Вк.	1248	Д2	Заштитно зеленило										
Вк.	750	Е1	Системи за навигација										
Вк.	3476	Е1	Сообраќајна инфраструктура										

БЛОК 3 27 134 м2

БЛОК 4

ГП бр	Површ. на ГП	Површ. за изградба	Број на објекти	Вредност на објекти	Проценета вредност	Коефициент на изграденост	Класа на објекти	Класа на земјиште	Катастарска култура	Катастарска класа	Површина	Број на парцела	Место на лоцирање
4.1	4746	3041	7603	44	1.0	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
4.2	8117	7215	18048	64	1.8	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
4.3	7394	4782	14370	55	1.6	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
4.4	8710	6799	17207	66	2.0	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
4.5	7706	7131	17830	67	2.0	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
4.6	7403	5000	15279	65	2.0	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
4.7	6083	4507	13918	54	1.8	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
4.8	6465	5019	15057	55	2.0	Г2				1 кл.	П+2		во појасот
4.9	62	35	35	56	1.1	Г2				4.0м	П		
Вк.	51226	35091	117264	64	1.9								
Вк.	2367	Д2	Заштитно зеленило										
Вк.	3504	Е1	Системи за навигација										
Вк.	8265	Е1	Сообраќајна инфраструктура										

БЛОК 4 75 802 м2

БЛОК 6

ГП бр	Површ. на ГП	Површ. за изградба	Број на објекти	Вредност на објекти	Проценета вредност	Коефициент на изграденост	Класа на објекти	Класа на земјиште	Катастарска култура	Катастарска класа	Површина	Број на парцела	Место на лоцирање
6.1	4851	2410	4909	49	1.5	Г2	67.83 ДЕН/м2		Ван	П+1			во појасот
6.2	11236	7629	23197	71	2.1	Г2	20 %		7 Ора	П+2			во појасот
6.3	7019	4314	12542	63	1.5	Г2	5 %		1 Ора	П+2			во појасот
6.4	181	35	35	3	0.9	Г2	4.0м		П				
Вк.	24538	14678	41566	68	1.7								
Вк.	11895	Д2	Заштитно зеленило										
Вк.	4504	Е1	Системи за навигација										
Вк.	8655	Е1	Сообраќајна инфраструктура										

БЛОК 6 47 192 м2

ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ВК.ХА	%	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена
Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Г2 Лесна индустрија	26.46	76	Б - Комерцијални и деловни намени (Б1, Б2 до 30%, Б4 до 10% од Г2) В - јавни институции (В2 до 5%) Г - Производство, дистрибуција и сервиси (Г3, Г4 до 30% од Г2) Д-Зеленило и рекреација (Д2 Д3 Д4 до 30%). Вк.мах. 49% од Г2
Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Д2 Заштитно зеленило	3.09	9	/
	Е1 Сообраќајна инфраструктура	3.87	11	/
Е ИНФРАСТРУКТУРА	Е1 Систем за навигација	1.15	3	/
	Е2 Комунална супраструктура (Трафостаници)	0.03	0.5	/
	Е3 Некомпатибилна инфраструктура (Пречистителна станица)	0.16	0.5	/
ВКУПНО		34.56	100	

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРЕСЕЦИ НИЗ ТЕРЕН

ПРЕСЕК 1-1



ПРЕСЕК 2-2



ПРЕСЕК 3-3



ПРЕСЕК 4-4



ПРЕСЕК 5-5



ПРЕСЕК 6-6



Dizajn Centar Inženering

"ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ" Трајче ДООЕЛ
Кавадарци ул."Народна Младина" бр.3, П ФАХ 27
Тел/факс (043) 400 600, Тел. 410 610, mail: dci@t-home.mk

[illegible]:	УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино
[illegible]:	ЕЛС НЕГОТИНО
[illegible]:	К.О. Криволак ОПШТИНА НЕГОТИНО
[illegible]:	2016 - 2026г.
[illegible]:	ЕЛС НЕГОТИНО
[illegible]:	Александар Боцев дипл. инж.
[illegible]:	**ТРАЈЧЕ ГРКОВ** дипл. инж.
[illegible]:	[illegible]
[illegible]:	КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН
[illegible]:	1:2500
[illegible]:	3164
[illegible]:	2016г
[illegible]:	6

УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- Б1, Б2... ОЗНАКА НА БЛОК
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1,1,1,2... НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- Е1 - СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
- Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
- Д - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
- Е.2 - [illegible]
- Е.3 - [illegible]

Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- ф150,ф100 [illegible]
- ф200 [illegible]
- ф600,ф500 [illegible]
- [illegible]
- ф500 [illegible]
- 35kV [illegible]
- 0,4kV [illegible]
- 10(20)kV [illegible]
- [illegible]

[illegible]

"ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ" Трајче ДООЕЛ
Кавадарци ул."Народна Младина" бр.3, П ФАХ 27
Тел/факс (043) 400 600, Тел. 410 610, mail: dci@t-home.mk


[illegible]:	УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино		
[illegible]:	ЕЛС НЕГОТИНО	[illegible]: 2016 - 2026г.	[illegible]: ЕЛС НЕГОТИНО
[illegible]:	К.О. Криволак ОПШТИНА НЕГОТИНО		
[illegible]: [illegible]			[illegible]: **ТРАЈЧЕ ГРКОВ** [illegible]
[illegible]: [illegible]	[illegible]	[illegible]: КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН	[illegible]: 1:2500 / 3164
			[illegible]: 2018г. / 5

УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино


ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- Б1, Б2... ОЗНАКА НА БЛОК
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1,1,1,2,... НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- Е1 - СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
- Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
- Д - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
- Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- 35kV
- инфрастр.коридор
- Е.2 -
- Е.3 -

РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103
профил 1-1



РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103
профил 2-2




ОПШТИНСКИ ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК
профил 3-3



СЕРВИСНА УЛИЦА
улица „Нобопланирана 2"
профил 4-4



СЕРВИСНА УЛИЦА
улица „Нобопланирана 3"
профил 4'-4'



ИНДУСТРИСКИ УЛИЦИ
улица „Нобопланирана 1", „Нобопланирана 4"
и „Нобопланирана 5"
профил 5-5




ПЕШАЧКА УЛИЦА
профил 6-6



КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРЕСЕЦИ НИЗ ТЕРЕН

ПРЕСЕК 1-1



ПРЕСЕК 2-2




ПРЕСЕК 3-3



ПРЕСЕК 4-4



ПРЕСЕК 5-5



ПРЕСЕК 6-6



"ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ" Трајче ДООЕЛ
Кавадарци ул."Народна Младина" бр.3, П ФАХ 27
Телефакс (043) 400 600, Тел. 410 610, mail: dci@t-home.mk

УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино			
ЕЛС НЕГОТИНО		2016 - 2026г.	ЕЛС НЕГОТИНО
К.О. Криволак ОПШТИНА НЕГОТИНО			
Александар Боцев дипл.инж.арх.			**ТРАЈЧЕ ГРКОВ** дипл.инж.арх.
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН		1:2500	3164
		2018г.	4

Б. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

за лесна индустрија на КП бр.556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел,
К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино,
ОПШТИНА НЕГОТИНО
Плански период 2016-2026г.

1.ВОВЕД

Урбанистички план вон населено место за КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино се изработува согласно со просторните можности на локацијата, постојната состојба, Условите за планирање на просторот и одредбите од Просторниот план на РМ.

Изготвувањето на документацијата се врши согласно:
-Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16),
-Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).
-Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.весник на РМ бр. 142/15).
- Законот за јавни патишта(Сл.в.на РМ, бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).
- Законот за животна средина (Сл.в.на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15)
- Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата на животната средина (Сл.в.на РМ 74/05 и 109/09).

Цел на Урбанистичкиот план вон населено место за КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2 и К.О. Неготино, Општина Неготино, е утврдување на класата на намена , сообраќајната инфраструктура, како и комунална инфраструктура во склад со важечките Закони и Правилници и детално да се дефинираат сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за идни градежни активности на објектот.

Сите поединечни елементи на планот ќе содржат текстуален дел со нумерички показатели за постојната и планираната состојба како и потребен број на графички прилози.

2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ОПИС НА ГРАНИЦА

Урбанистички план вон населено место за КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино, се однесува за плански опфат со површина од 34,56 ха.

При изработка на урбанистичката документација е применет методолошки пристап и постапка согласно

-Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16),

-Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

-Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.весник на РМ бр. 142/15).

Урбанистичкиот план вон населено место се однесува за изградба на градби со намена Г2-лесна индустрија покрај регионалниот пат Р103 (Велес-Неготино).

Главна цел на оваа документација е формирање на стопански комплекс како смерница при планирање на околниот простор и поставување на плански концепции и решенија.

3. ТЕКСТУАЛНИ ОДРЕДБИ ЗА ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

Основната стратегија во организацијата и користењето на просторот, во смисла на поддршка на развојот на стопанството, ја сочинуваат такви решенија во просторот кои овозможуваат: поголема атрактивност на просторот; заштита на природните и создадените ресурси и богатства; сообраќајно, информатичко и управувачко поврзување; развој на информационен систем за просторот и животната средина; локациска флексибилност во донесувањето на инвестиционите одлуки.

Заштита на земјоделското земјиште

Согласно "Просторниот план на Република Македонија" просторот на РМ е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето од I – IV класа во неземјоделско земјиште, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште под пасишта и ниви.

Економски основи на просторниот развој

Реализацијата на Урбанистичкиот план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино ќе биде во функција на развој на локалната економија и согласно определбите на Просторниот план на Р.Македонија треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

При изработката и реализацијата на УПВНМ треба да се има во предвид дека локацијата за која се наменети Условите за планирање граничи со планските опфати на локацијата за леталиште "Црвени Брегови" со тех.бр.У24715 и локацијата за стопански комплекс со тех.бр. У33210.

Водостопанска инфраструктура

Обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс, односно користењето и заштита на водите треба да се одвива во насока на: синхронизирана изградба на водостопанските објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода, спречување парцијални решенија кои ќе го оневозможуваат развојот на нови водостопански решенија и рационално користење на водата преку примена на современи технологии во управувањето со водоснабдителниот систем.

Водата за водоснабдување се планира да се доведе од главната мрежа на град Неготино по трасата на регионалниот пат Р-103 (Велес – Неготино), поточно да се надоврзе на цевоводот кој ја снабдува фабриката "8ми Ноември" лоцирана во северниот дел на градот. За довод се планираат да се користат цевки со големина од Ø200.

Доколку за водоснабдување се користат подземните води-бунари, нивната експлоатација да биде од како потполно ќе се проучат нивните аквифери.

Динамиката на користењето на подземните води да биде дефинирана со хидрогеолошки истражувања, со што ќе се избегне пореметување на режимот на хранењето на бунарите.

Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на соодветен третман во кругот на стопанскиот комплекс и да бидат доведени до потребниот степен на квалитет према "Уредба за класификација на водите", односно да бидат пречистени во пречистителна станица.

Во опфатот предвидени се две пречистителни станици и тоа во северниот и источниот дел на опфатот. Пречистените води од северната пречистителна станица преку цевки со големина од ∅350, по трасата на

регионалниот пат Р-103 (Велес – Неготино) ќе се води до реципиентот, односно реката Вардар. Водите од пречистителната станица планирана на источниот дел ќе се влеваат исто така во реката Вардар но со цевки кои ќе се движат по трасата на локален пат североисточно од опфатот.

Енергетика и комуникациска инфраструктура
Постојната и планирана енергетска и комуникациска инфраструктура нема конфликти.

Урбанизација
Изградбата на градби со намена лесна индустрија би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување и јавни функции
Иницијативата за изработка на УПВНМ за изградба на објекти со класа на намена Г2-лесна индустрија К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино, е во функција на концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Индустрија
Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.
Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.
Една од основните цели на концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на РМ" е примена на стратегијата на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.

Сообраќајна инфраструктура

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, бр.52/09, бр. 114/09, бр. 124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр. 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

При изработка на планската документација, од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на леталиштето, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Заштита на животната средина

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на УПВНМ за објекти со намена Г2 – лесна индустрија, на локалитетот кој ги опфаќа КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.

Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природно наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Р.Македонија на просторот предложен за изработка на УПВНМ за изградба на објекти со класа на намена Г2-лесна индустрија, на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино, нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство.

На предметниот простор не е регистрирано природно наследство, но доколку при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено со изградба на овој комплекс, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно со Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство
Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи
Просторот се наоѓа во зона на VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите градби.

Задолжителна е примена на мерки за заштита од пожар. Просторот предвиден за изградба на стопански комплекс се наоѓа во зона на индиректна загрозеност од воени дејства, што наметнува задолжителна примена на мерките за заштита и спасување.

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Планската програма е приложена изворно во документацијата, како нејзин составен дел.

5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ

Просторниот концепт на планскиот опфат е изработен во планираните граници на планскиот опфат. Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој.
Со реализација на Урбанистички план вон населено место на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, Општина Неготино, со која се предвидува простор за основна намена Г2- лесна индустрија и ќе биде во функција на поттикнување на економскиот развој, со изградба на мали индустриски капацитети, вработување и зголемување на личниот и општествен стандард на населението, но со максимално почитување на законските обврски за заштита на животната и работна средина и примена на принципите на одржливиот развој.

Новата поставка на целокупниот простор ќе овозможи целосно оплеменување и осовременување на просторот. Една од основните претпоставки за перманентна градба на просторот е неговата

флексибилна урбанистичко архитектонска концепција. Самата разработка на архитектонски проекти за поединечни градби ќе зависи од функцијата и концепцијата на дејноста, а се тоа врз реализација на објектот односно комплексот.
За конечниот резултат базиран на претходните постулати сега е многу рано и тешко да зборуваме но можеме да сугерираме на избегнувањето на униформираноста на просторот кој истиот би го претворила во една монотона средина. Планскиот концепт предвидува понатамошна разработка со архитектонско-урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16).

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

Површината во границите на планскиот опфат, опфанат со КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2 и К.О. Неготино, изнесува 34,56 ха. Основната намена на просторот на локалитетот е класа на намена е:

Г-Производство, дистрибуција и сервиси
Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – Зеленило и рекреација
Д2 – Заштитно зеленило

Е – Инфраструктура
Е1 - Комунална инфраструктура
Е2 – Комунална супраструктура
Е3 – Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица)

6.1. ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
6.1.1. ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА

Производствената дејност бележи постојан растеж како резултат на значителни вложувања и општата ориентација во нејзиниот развој.
Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува клучен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупното стопанство и модернизација на другите области од стопанскиот и општествениот живот, а со тоа и потребата од изградба на градби со намена лесна индустрија во К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2 и К.О. Неготино.

По иницијатива за развој и создавање услови за подобрување и развој на стопанските дејности во однос на подобрување на функционалност, проширување на индустриското производство и подигнување на степенот на финализација како и изградба на нови капацитети на овој простор, во рамките на планскиот опфат се планира намена Г2- лесна индустрија.

Предвидени се дејности кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај.

Предвидена е класа на намена **Г2 – Лесна индустрија.**
Со оваа класа на намена има можност за предвидување на компатибилни класи на намена, а тоа се:

Б1-мали комерцијални и деловни намени до 30% од Г2,
Б2-големи трговски единици до 30% од Г2,
Б4-деловни простори до 10% од Г2,
Г3-сервиси до 30% од Г2,
Г4-стоваришта до 30% од Г2
Д3 – спорт и рекреација до 30% од Г2

Максимално дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот изнесува 49%.

Градбите ќе се изведуваат според техничко-технолошките и еколошките параметри, со усогласување према локациските услови на зоната и барањето на дејностите.

Во рамките на планскиот опфат планирана е основна класа на намена Г2-лесна индустрија, која зафаќа вкупна површина од 26,46ха односно 76% од површината на планскиот опфат.

Во зависност од процесот и механизацијата, котата на венец се предвидува да биде до мах. 14m, додека катноста е до П+2 (приземје и два ката).

Согласно блоковската поделба на планскиот опфат (Блокови 1, 2, 3, 4 и 5), планирани се градежни парцели со површини за градба, поединечно за секој блок и секоја градежна парцела, со максимално дозволени процент на изграденост на парцелите и коефициент на искористеност.

На парцелата е предвидено да се обавуваат функции кои ќе бидат од функција на локацијата како целина, кои се во зависност од технолошкиот процес.

Во рамките на планскиот опфат има и други парцели на кои се предвидени и поединечни намени: Е2-комунална супраструктура-трафостаница како и Е3 - некомпатибилна инфраструктура - пречистителна станица. Овие намени се со цел оформување на комплексот како една самостојна целина.

7. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УП вон населено место за градби со намена Г2-лесна индустрија К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, и К.О. Неготино, Општина Неготино

Сите карактеристични податоци во врска со УП се прикажани табеларно

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2016-2026		
1	Површина на плански опфат	34,56 ха
2	Површина на парцели	26,65 ха
3	Површина за градба	16,63 ха
4	Процент на изграденост	62%
5	Коефициент на искористеност	1,9

8. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДО 2026 ГОДИНА

РЕД БР		ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
1	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛИ	26,65 ха	77%
2	СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА	3,67 ха	11%
3	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	3,09 ха	9%
4.	СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ	1.15ха	3%
	ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	34,56 ха	100 %

9. ИНФРАСТРУКТУРА
9.1. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Релевантен регионален патен правец за предметаната локација е регионалниот пат Р103 (Неготино-Велес).

Мрежата на сообраќајници ја сочинуваат следните видови улици:
- Регионален пат
- Локален пат
- Сервисни улици
- Индустриски улици

Регионален пат Р103 Велес - Неготино
Профил 1-1
со вкупна ширина од 13,0м.
коловоз 2 x 3.0м = 6,0м ,
исклучна лента = 3,0м
банкини 2 x 2.0м = 4.0м
Профил 2-2
со вкупна ширина од 10,0м.
коловоз 2 x 3.0м = 6,0м ,
банкини 2 x 2.0м = 4.0м

Општински пат Сопот – Криволак
(превземена категоризација и профил од соседен УПВНМ за стопански комплекс на КП 1000 КО Неготино)

Профил 3-3
со вкупна ширина од 10,0м.
Коловоз 2 х 3.0м = 6,0м ,
Тротоари 2 х 2,0м = 4,0м

- **Сервисна улица**
  улица "Новопланирана 2"

Профил 4-4
со вкупна ширина од 10,0м.
Коловоз 2 х 3,50м = 7,0м,
Тротоари 2 х 1,50м = 3,0м

- **Сервисна улица**
  улица "Новопланирана 3"

Профил 4'-4'
со вкупна ширина од 10,0м.
Коловоз 2 х 3,5м = 7,0м,
Тротоари 2 х 1,50м = 3,0м

- **Индустриски улици**
  ул. "Новопланирана 1", "Новопланирана 4" и ул."Новопланирана 5"

Профил 5-5
со вкупна ширина од 10,0м.
Коловоз 2 х 3,50м = 7,0м,
Тротоари 2 х 1,50м = 3,0м

- **Пешачка улица**

Профил 6-6
со вкупна ширина од 5,0м.

Пешачкиот сообраќај во главно ќе се одвива по тротоарите по кои може континуирано и несметано да се движи низ планскиот опфат, како и низ планираната пешачка улица. Паркирањето во градежните парцели, решавано е спрема можностите кои ги дава парцелата.

Имајќи во предвид дека регионалниот пат претставува магистрална улица за пристапување до локацијата има и лента за успорување и лента за забрзување односно приклучно – исклучна лента заедно со клинови од двете страни на регионалниот пат.

Должината на клиновите и приклучно - исклучната лента се пресметани согласно секторската брзина која изнесува 50km/h.

Должините на приклучната и исклучната лента, како и должината на клиновите се пресметуваат по следнава равенка:

V – брзина = 50 km/h

V' = 0.8x50=40 km/h

V''= 30 km/h

Должина на исклучна лента

$$L = \frac{V'^2 - V''^2}{26xd} = \frac{40^2 - 30^2}{26x1.5} = \frac{700}{39} = 18m$$

Должина на приклучна лента

$$L = \frac{V'^2 - V''^2}{26xa} = \frac{40^2 - 30^2}{26x1} = \frac{700}{26} = 27m$$

Должина на клинови

$$L = \frac{txV'}{3.6} = \frac{3x40}{3,6} = 33m$$

$V - брзина$

$V' = 0,8 * секторска - брзина$

$t = 3.0\,\text{sec}$

$a = 1 - забрзување(m/\text{sec}^2)$

$d = 1.5 - забавување(m/\text{sec}^2)$

Профилот, како и приклучната и исклучна лента се превземени од соседен УПВНМ за стопански комплекс на КП 1000 КО Неготино. Според пресметката должината на приклучната лента изнесува 27м, а е усвоена според соседен УПВНМ 36м, додека должината на исклучната лента според пресметката изнесува 18м, а е усвоена 29м. Должината на клиновите според пресметката изнесува 33м и се поклопува со должината од соседен УПВНМ.

Пешачкиот сообраќај во главно ќе се одвива по тротоарите по кои може континуирано и несметано да се движи низ планскиот опфат.

Паркирањето во градежните парцели, решавано е спрема можностите кои ги дава парцелата.

Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Нивелациски план

На основа на предвидениот УПВНМ за класа на намена Г2-лесна индустрија се пристапи кон изготвување на нивелационо решение. Теренот е релативно нерамен со падови кон југоисток. Од постоечката состојба очигледно е дека улиците кои влегуваат во овој опфат се постоечки со изведени асфалтни коловози.

Во планот приложена е ситуација 1:2500 на која се означени котите на осовинските точки, подолжните падови и почетоците, краевите и радиусите на пооделните кружни кривини.

9.2. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Санитарен и технолошки водовод

Потребна количина на вода

Потребна количина на вода се однесува на потребите од санитарна вода за вработените како и од потребата на вода за перење на возилата и поливање на зеленилото кое што е присутно на просторот на планскиот опфат.

Од овој податок произлегува следната пресметка:

Qмах/час=200.000/16 x 5000 = 6,25 л/сек/ха

q мах/час=F x q Qмах/час=1,00 x 6,25 = 6,25л/сек

Потребна количина на вода за гасење на пожар:

Према законските прописи ако површината на која се наоѓа стопанскиот комплекс е до 150ха, се смета на еден пожар, така да за предметниот локалитет со површина од 30ха земено е:

-бројот на истовремени пожари 1(еден)

-најмало количество на вода во л/сек за еден пожар е земено Q=15л/сек.

За целиот опфат противпожарната заштита на локацијата предвидено е да се реши со гаснење на пожарот од технолошката вода или евентуално при поголем пожар со противпожарно возило од Неготино кое би интервенирало било каде на локацијата.

Према законските прописи за секоја градба да се изработи и елаборат за ПП заштита.

Фекална канализација

Фекалната и контаминирана вода е предвидено да се одведува во пречистителна станица која се наоѓа во посебни градежни парцели каде по постигнување на соодветната чистота, водата се испушта во каналот од каде се одведува до рецепиент р.Вардар.

Атмосферска канализација

Атмосферските води кои ја напаѓаат урбанизираната зона се надворешни и сопствени. Сопствените води се оние кои се јавуваат во границата на планскиот опфат, додека надворешните води се јавуваат надвор од границата на планскиот опфат и ја напаѓаат истата.

Количината на сопствените води ќе се определи во зависност од интензитетот на дождот, сливната површина и коефициентот на отечување, која што количина е меродавна за димензионирање на

каналската мрежа Надворешните води кои потекнуваат од сливните површини надвор од урбанизираната зона, а ја напаѓаат истата формираат порои односно долови.

Количините на атмосферските води ќе се одредат во зависност од следните параметри:
Q = q x ɣ x F(л/сек).

Q = вкупна количина на атмосферска вода
q = интензитет на дождот усвоен 120 л/сек/ха
ɣ = коефициент на истекувањето кој е во директна врска од намената на површината, падот на теренот и планираниот процент на изграденост на разни градски функции. За намена станбени површини, коефициент изнесува 0,60. Минималниот пречник на канализацијата усвоен е ф300.

9.3. ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТИКА

Од аспект на електро-енергетика за зоната предвидена за лесна индустрија предвидено е напојувањето да се врши од новопредвидени трафостаници, лоцирани во рамките на планскиот опфат: ТС 1, ТС 2, ТС 3 и ТС 4 со јачина од 2x1250кВ , како и можност за надградба согласно потребите за планирање на идни објекти:.

Лесна индустрија со бруто развиена површина за градба од 499712м², со просечна изграденост под градби од 62%.

499712м² x 0,05kW/м²=24985,6

Водовите од 110-400kV мрежа, опфатени со Просторниот план на Р.Македонија минуваат далеку од локацијата. Така 400kV водот Дуброво-Скопје 4 минува на 4км од оваа локација.

Согласно податоците за постоечки подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа, добиени од страна на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр.24-1843/2 од 25.08.2016г., на просторот предвиден за градби со намена Г2-лесна индустрија поминува среднонапонски надземен вод кој е проектиран и изграден по нормативи и стандарди за пренос на 35kV напон а моментално се користи за 10kV пренос на електрична енергија. Далекуводот не е во сопственост на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Услови за приближување до елекро енергетски објекти

- Целосно да се почитуваат законските и подзаконските прописи и работни норми кај сите вкрстувања и приближувања кон објектите на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
- Навремено, пред почетокот на градежните работи во близина на дистрибутивната мрежа, потребно е изведбата на градежните работи да се координира со ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, при што неопходните заштитни мерки треба да се утврдат договорено;

- При работа во близина на висконапонски кабелски и воздушни водови, потребно е придржување кон упатствата за превенција од предизвикување на штети за работниците ракувачи со кранови и багери, за заштита на каблите и условите за одобрение за работа со распрскувачки материјали;
- Доколку при изградбата на објектот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и постројки на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација;
- Во случај на настанување на штета на електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје.

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, КЕЦ Кавадарци, согласно моменталната расположлива моќност, предметниот план го разгледува како графичкиот приказ и распоред на електро супраструктура и инфраструктура за напојување со електрична енергија на новопланираните објекти и истото не претставува мислење или одобрување на приклучок на новопланирани градежни парцели, и секој од приклучоците ќе се решаваат по доставени „Барања согласност за приклучок", до надлежниот КЕЦ Кавадарци во координација со Мрежен инженеринг во склад со мрежните правила за енергетика.

Телефонските корисници во ова подрачје во комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Неготино. При изработка и реализација на проектната документација неопходно е да се побара согласност од АД "Македонски Телекомуникации".

10.ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Стопанството има доминантно значење во долгорочниот развој на населените места. Во наредниот период стопанството ќе има доминантно место во развојот на населбите со преструктуирање на производството и поголема застапеност на производите со повисока фаза на преработка кои содржат висока технологија и квалификуван труд.

Проширувањето на производството во основа ќе се потпре врз поголемо користење на постојните производствени програми и кон усвојување на нови програми со производи со повисока фаза на преработка кои се атрактивни на пазарот.

Со негов развој, специјализација на производството и негово организирање во помали флексибилни капацитети приспособени за производство, претставува интерес за изградба на нови помали капацитети за поголема финализација и производство кое го бара домашниот и странскиот Пазар.

Со реализација на просторот за кои има барање за изградба на капацитети за изградба на лесна индустрија се овозможува вработување на населението, а воедно и олеснет развој на индустријата што е во директна врска со изградбата на сепарацијата.

Реализацијата на планските определби по овој проект се реално и започнати бидејќи евидентната изграденост претставува производен капацитет кој што реализацијата ја темели на проширена продукција на производниот етат, производните капацитети на овој субјект се за подрачје пошироко во државата и надвор од неа што претставува реален индикатор за издржаноста и потребата на инвеститорските активности.

11. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Мерки за заштита, пропишани со овој план, претставуваат урбанистички мерки за заштита на опфатот од неповолни фактори и нивното негативно влијание на живеалишна и работна средина.
Како најбитно, во мерки на заштита се смета оневозможување на неконтролирано градење, безпланска документација, потоа заштита од општонародна одбрана, заштита на извориштата на вода за пиење.

Локацијата за која се однесува УПВНМ се наоѓа западно од регионален пат Неготино-Кавадарци. Планскиот опфат наменски претставува зона за лесна индустрија и при планирањето на содржини во неа, строго треба да се почитува режимот за заштита и планските мерки за заштита и унапредување на животната средина пропишани со овој просторно-плански документ и тоа:

-Општи мерки на заштита;
Според правилникот за начинот и условите за складирањето на отпадот, предвидени се соодветни мерки за заштита.

На локацијата на видно место треба да биде поставен план на кој ќе бидат прикажани начинот и операциите за складирање на отпадот, видот на отпадот и неговото складирање, постапки за работа, постапки во итни случаи, план за заштита од пожари, знаци за опасност за секое место на локацијата и сл.

На вработените во комплексот треба да им се обезбеди непречен приод и опрема за заштита при работа.

- Мерки за заштита на воздухот;
Најрационален и најефикасен начин за заштита на животната средина е спречување на образување на штетни материи уште во нивните извори.

Бидејќи станува збор за лесна и незагадувачка индустрија, емисијата на гасови е незначителна но треба да биде во соласност со Правилникот за максимално дозволени концентрации и количества и за други штетни материи што може да се испуштат во воздухот од одделни извори на загадување.

- Мерки за заштита на водата;
Да се води контрола на загадената вода и нејзино прочистување до соодветен стандард во локацијата на сепарацијата или надвор од неа но во границите на опфатот.

Од овие мерки треба да се изведе канализационата мрежа. Отпадните води (санитарни и од одржувањето на хигиената во и надвор од градбите), задолжително треба да се прочистува до степен што ќе го пропише Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Капацитетите и технолошката постапка на прочистувањето треба да се утврдат со главните проекти. Ова налага заради сочувување на квалитетот на подземните води на локацијата и поширокото окружување, сочувувањето на квалитетот на почвата и површинските водотеци.

- Мерки за заштита на вегетацијата;
Поради природата на работата предвидена во опфатот заштитата на вегетацијата е особено нагласена се со цел да не се доведе во опасност околната вегетација во но и надвор од опфатот. Од аспект на овие мерки особено треба да се нагласи максималното сочувување на постоечката вегетацијата во локалитетот, каде е тоа можно и не го попречува процесот на работа во опфатот.

Заштита на природно наследство
На предметниот простор не е регистрирано природно наследство, но доколку при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено со изградба на овој комплекс, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно со Законот за заштита на природата.

Заштита на недвижно културно наследство
При изработка на планска документација од пониско ниво, потребно е да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство. Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13 и бр.137/13), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Воведен дел:

Мерките за заштита и спасување (ЗС) во УПВНМ К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино за лесна индустрија општина Неготино се вградени врз основа на Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/06, 124/10 и 18/11), Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите (Сл.В.На РМ бр.105/05) и другите подзаконски акти кои се однесуваат на поодделните мерки за заштита и спасување, а во согласност со член 11, точка 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл Весник на РМ бр.24/08).

Опис на локацијата и објектите(основни податоци во врска со Заштита и спасување и кратка процена на загрозеноста на планскиот опфат(ПО)

а)Општи карактеристики

Планскиот опфат на УПВНМ за КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, – општина Неготино е лоциран покрај регионален пат Неготино - Велес. Планскиот опфат е оформен по следните граници:

-на север границата се движи кон исток по КП бр. 678 (пат) од која опфаќа дел до КП бр. 681,

-на исток границата се движи по источната граница на КП бр. 681 и продолжува кон јужна страна,

-на југ границата се движи и ја опфаќа КП бр. 681 до пресек со КП бр. 1006/2 (пат) и продолжува по јужна страна кон запад до пресек со КП бр.4178 (пат),

-на запад границата се движи и опфаќа дел од КП бр. 4178 до пресек со КП бр.678 на север.

- Предвидените објекти имаат класа на намена
Г2 – лесна индустрија,
Д2 – заштитно зеленило

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 – Сообраќајна инфраструктура
Е2 – Комунална супраструктура

-Теренот на местото на опфатот е релативно рамен, а почвата е со релативно добри геомеханички карактеристики и со слаба пошуменост. Во поглед на сеизмичката загрозеност опфатот се наоѓа во зона со коефициент на сеизмичност од 8 степени по Макросеизмичката скала (МСС);

-Низ планскиот опфат не постои водотек со што планскиот опфат не би бил загрозен од евентуални поплави.

-Предвидената густината на објектите и сообраќајната инфрастуктура во градежната парцела е со урбанистичко технички карактеристики со кои се овозможуваат превентивните оперативните мерки за заштита и спасување.

б)Процена на загрозеноста на планскиот опфат и утврдување на потребните мерки за заштита и спасување

-Нема потреба за изградба на објекти за заштита (засолништа), со оглед дека општина Неготино, а со тоа и третираниот плански опфат се наоѓа во зона на воена загрозеност со III основен степен на загрозеност;

-Во близина на локацијата нема потреба за преземање на посебни мерки за заштита од поплави, освен вообичаените за прописен одвод на атмосферските води;

-Потребно е да се вградат мерки за заштита од пожари, соодветни на степенот на загрозеност на планскиот опфат.

Очекувано пожарно оптеретување е 420-840 KJ, што произлегува од оптеретување 25-50 кг/м². Тоа значи дека оптеретувањето е средно и појавениот пожар може да се пренесува во непосредната околина, што диктира поставување на противпожарни хидранти на 80-100м растојание.

Загрозеноста од евентуални шумски пожари е мала;

-Со оглед на тоа дека поширокиот реон во кој се наоѓа третираниот плански опфат не е регистриран по присуството на заостанати неексплодирани убојни средства (НУС), нема потреба во планската документација да се вградат превентивни мерки за заштита од истите;

-Со оглед на тоа дека планскиот опфат се наоѓа во сеимичка зона (8 степени по МСС), треба да бидат застапени соодветни превентивни технички мерки;

в)Заклучок

Согласно член 6 од Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите (Сл.В.На РМ бр.105/05), врз основа на проценатa на загрозеност на планскиот опфат во УПВНМ за истиот, спрема член 61 од Законот за заштита и спасување се опфатени следните урбанистичко-технички мерки за заштита и спасување:

-Заштита и спасување од пожари, екплозии и опасни материи;

-Заштита и спасување од урнатини;

-Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи.

Со вградување на истите ќе се овозможи преземање и непречено реализирање и на потребните хуманитарни мерки - евакуација – прва медицинска помош.

1.Заштита и спасување од пожари, екплозии и опасни материи

Согласно член 68, став 3 од Законот за ЗС (прочистен текст) во УПВНМ К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино за лесна индустрија – општина Неготино на третираниот ПО, опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи со планираните урбанистички решенија во ПО и предвидената примена на техничките нормативи при понатамошната фаза на на проектирање и изградба на планираните објекти во истиот, и тоа:

-Бидејќи во близина на планскиот опфат има водоводна мрежа, согласно член 76 од Законот за ЗС планирано е потребниот проток на вода за гасење на пожари да се обезбеди со приклучок од водоводната мрежа во рамките на планскиот опфат.

-Во рамките на поширокото опкружување на планскиот опфат предвидена е изградба на **хидрантска мрежа** за гасење пожари,

регулирано со Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари.

Надворешните хидранти се предвидени подземни и на растојание 5-10м од објектите.

-Предвидена прописна оддалеченост меѓу објектите која не дозволува префрлање на евентуалниот пожар од еден на друг објект.

-Предвидени прописни индустриски улици со ширина на коловозот од 7,0м со што е обезбеден непречен пристап на ПП и други возила.

-Внатрешно сообраќајно решение (сообраќајници и платоа) овозможува непречен пристап и маневар на силите и средствата за гасење пожари. Носивоста на коловозот на сообраќајниците треба да изнесува 10 тони на осовинско оптеретување, а минималната ширина на едносмерна сообраќајница изнесува 3,50м.

-Избор на градежни материјали за изградба на предвидените објекти со конструктивни елементи со потребен степен на отпорност на пожари.

• Со наведените урбанистичко-технички мерки се овозможува и примената на оперативните мерки за заштита и спасување од пожари,експлозии и опасни материи за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување, како и давање помош при отстранување на последиците .

2.Заштита и спасување од урнатини

Согласно член 8 од Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини (Сл.Весник на РМ бр.98/2005) во УПВНМ К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино за лесна индустрија – општина Неготино утврдени се следните мерки за заштита и спасување од урнатини:

-Оптималната отпорност на објектите од уривање предизвикано од сеизмички потреси изнесува 8 степени по МСС, поради што проектирањето на истите треба да се врши со наведениот коефициент на сеизмичност и со правилен избор на соодветен конструктивен систем и градежни материјали.

-Со оглед на вкупната површина на опфатот, се претпоставува мал степен на урнатини и нивен мал процентуален однос спрема слободните површини;

-Степен на проодност на сообраќајниците - сообраќајната мрежа во случај на урнатини се обезбедува со предвиденото прописно растојание меѓу објектите, кои ќе овозможат брз пристап и непречена работа на силите за заштита и спасување. Проодноста на комуникациите помеѓу објектите зависи од нивната катност и растојанијата на истите од двете страни на комуникацијата. Одредувањето на меѓусебното растојание помеѓу објектите треба да се врши со предвидена ширина на урнатините која изнесува минимум ½ од висината на соодветните објекти, со што се оневозможува создавањето на т.н. тесни грла на сообраќајниците, како и создавање на зона на тотални урнатини;

• Со наведените урбанистичко-технички мерки се овозможува и примената на оперативните мерки за спасување од урнатини кои опфаќаат мерки и активности за заштита од уривање, извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата

на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

3.Заштита и спасување од технолошко-технички несреќи

Бидејќи во планскиот опфат се предвидени објекти со намена индустрија, во него не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, со оглед на конкретниот вид на дејноста на истите, потребно е согласно член 82 од Законот за заштита и спасување а во врска со член 2 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и член 14 од Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари се вградени и се предвидуваат следните превентивни мерки за заштита од технолошко-технички несреќи:

-Примена на техниките нормативи при проектирањето и изградбата на објекти;

-Редовно и прописно одржување на инсталациите и опремата во истите;

-Одржување и заштита на инфраструктурните водови во планскиот опфат;

-Примена на прописи од областа на безбедноста и здравјето при работа и други во зависност од конкретната дејност на објектите.

12. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА ЗА УПВНМ

12.1 ОПШТИ УСЛОВИ

За спроведување на планот важат сите стандарди и нормативи пропишани со:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16),
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).
- Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.весник на РМ бр. 142/15).
- Законот за животна средина (Сл.в.на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15).
- Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07)
- Уредба за класификација на водите (Сл.в. на РМ 18/99)

1. Парцела

Градежна парцела претставува катастарска парцела дефинира сопственост на земјиштето или право на користење на земјиштето.

Со Архитектонско-урбанистички проект ќе се утврдуваат градежни парцели составени од две или повеќе катастарски парцели или во

рамките на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели.
Тенденција е градежната парцела да се поклопува со катастарската парцела.

2. Регулациона линија

Со регулационата линија се разграничува земјиштето за градба (градежни парцели) од земјиштето наменето за општ интерес (јавни сообраќајни површини и други површини).

3. Површина за градба

Во понатамошната разработка со Архитектонско-урбанистички проект, да се планираат површини за градба зависно од:
-регулационата линија и границата на парцелата,
-градежната линија,
-процентот на изграденост на парцелата,
-коефициентот на искористеност на земјиштето,
-условите за паркирање (гаражирање) на возила, согласно законската регулатива за планирање на просторот.

4. Максимална и дозволена висина на градба

Максималната висина на изградба за објектите со намена лесна индустрија се планира до max.14m, со катност до П+2.
Доколку во планскиот опфат се планираат градби на: издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, објаци со височина поголема од 30м, објаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, или ветерници, потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство, да се достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став 2 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на РМ" бр. 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016 и 31/2016).

5. Височина на приземна (нулта) плоча

За терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на тротоарот од страна на пристапната улица или котата на средната точка на оската на градежната парцела при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата, карактеристичните пресеци и слично, согласно член 45 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко панирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17.

6. Обележување на блокови

Планскиот опфат го сочинуваат пет блокови, нумерирани редоследно како Б1, Б2, Б3, Б4 и Б5.

7. Намена на земјиште

Намена на земјиштето е планска определба за целите за користење или изградба на земјиштето.
Согласно планските решенија за уредување на просторот е со следните класи на намени:

Г – производство, дистрибуција и сервиси
Г2 - Лесна индустрија

Други намени се
Д2 – Заштитно зеленило

Е – Инфраструктура

8. Бариери

Бариерите се пречки кои оневозможуваат непречено движење на хендикепирани лица. Затоа посебно внимание да се даде во зоните каде се движат пешаците односно тротоарите. Површините за движење на пешаците треба да бидат изведени хоризонтално или со наклон до 5%, со минимална ширина од 1,50м.
Сите жардињери за цвеќе, украсни огради и други елементи во просторот, не смеат да го спречуваат или отежнуваат движењето на хендикепираните лица.

9. Зеленило

Зелените површини во рамките на планскиот опфат да се организираат во зависност од намената на просторот и тоа:

- во рамките на дворните места, односно градини околу градбите да се уредат со тревни површини, насади од цвеќе, декоративни листопадни и зимзелени дрвја, жбунови, според изборот, желбите и можностите на сопствениците и локациските можности, со мин.20% зеленило во рамките на градежните парцели.
- покрај градби од комунална инфраструктура (трафостаници и сл.) како и покрај улиците, просторот да се уреди со затревнување во комбинација со ниско жбунести растенија.

10. Сообраќај

Сите предвидени површини за оваа намена ќе се изведат спрема актуелните прописи, стандарди и нормативи (како што е предложено со Планот).

Категоризацијата и профилот на регионален пат Р-103 и на општинскиот пат Сопот-Криволак се превземени од соседен УПВНМ за стопански комплекс на КП бр.1000, КО Неготино.
Попречните профили на останатите планирани улици во рамките на планскиот опфат е определен според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

11. Паркирање и гаражирање

Секој инвеститор на градба е должен во рамките на својата парцела, во зависност од намената, да обезбеди потребен број паркинзи или гаражни места, согласно со параметрите од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот. (Сл.весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Паркирањето и гаражирањето е предвидено да се реши во рамките на градежните парцели и во површините за градба.

Паркирањето ќе се дефинира во согласност со член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

12. Инфраструктура

За спроведување на сите надземни и подземни градби и инсталации од инфраструктурата се обезбедени коридори помеѓу регулационите линии и во зависност од потребите и важечките законски и нормативни акти ќе се видат можни интервенции.

Во просторот наменет за улици по правило се сместуваат комуналните инсталации и градби, и тоа:

- канализација;
- водовод;
- подземни електрични кабли;
- подземни ТК каблови и кабловски канали
- пароводни и гасоводни цевки;
- површинско одводнување на улиците;
- улично осветлување;
- сообраќајни знаци;
- дрвореди и друго зеленило.

Постојниот систем за наводнување, во западниот дел на опфатот, односно делницата ДВ-11 со големина на цевка ∅300, ∅250 и ∅200 е предвидено да се дислоцира паралелно со сообраќајницата ул. „Новопланирана 3", а потоа се приклучува на постојната инсталација.

Трафостаници

Локациите на трафостаниците треба да бидат лесно пристапни со товарно возило од сообраќајниците. Преостанатиот простор да биде организиран со уредени зелени површини.

Во колку локацијата е предвидена во склоп на градба треба да се обезбедат следните услови:

-да биде во приземје на градба

-лесно пристапна до сообраќајница

-темелењето на трансформаторите да биде издвоено од темелите на градбата.

-да се преземат сите мерки за обезбедување од пожар.

-да се превземат мерки за обезбедување од вибрации и бучава предизвикана од работата на трансформаторот.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Посебните услови за изградба во Планот се однесуваат поединечно за секоја градежна парцела.

Во табеларниот приказ се прикажани сите градежни парцели со број, површина на парцела, површина за градба, процент на изграденост, коефициент на искористеност, максимална изградена површина, намена на површини, кота на венец, катност, број на паркинг места и место за паркирање. Постојната катастарска поделба на парцелите е почитувана и потврдена во максимална можна мерка, а корегирана со цел за оформување на поволни градежни парцели.

Планскиот опфат е поделен на 5 (пет) блокови.

За планираните површини за градба да се применува Архитектонско-урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

При одобрување на проектната документација треба да се има Сообраќајна согласност за приклучување на комплексот кон регионалниот пат Неготино-Кавадарци, согласно член 392 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Сл.весник на РМ", бр.54/07, 86/08, 98/08 и 64/09).

Отпадните води од сите потрошувачи во рамките на планскиот опфат треба да бидат подложни на третман на прочистување, пред да бидат испуштени во рецепиентот.

Основна класа на намена
Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Поединечна класа на намена:
Г2 – Лесна индустрија
и можност за планирање на компатибилни намени (зависно од потребите на корисниците)
Б1-мали комерцијални и деловни намени до 30% од Г2,
Б2-големи трговски единици до 30% од Г2,
Б4-деловни простори до 10% од Г2,
Г3-сервиси до 30% од Г2,
Г4-стоваришта до 30% од Г2
Д3 – спорт и рекреација до 30% од Г2

Максимално дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот изнесува 49%.

Со Архитектонско-урбанистички проект да се дефинираат: можност за поделба на планираните градежни парцели, планирање комплекс од градби во рамките на планираните површини за градба, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16),

Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16),

Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.весник на РМ бр. 142/15).

Услови за градба кои треба да бидат запазени од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај во согласност со податоците и условите добиени од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство, при изведба на објекти во планскиот опфат се следниве:

1. Во дел од планскиот опфат, поточно во предвиденото заштитно зеленило во Блок 5, е забранета градба на било какви надземни објекти или други надземни структури.
2. Во делови од планскиот опфат, поточно во ГП бр.5.1 и ГП 5.2 е дозволена градба на објекти и други надземни структури со висини до 14м (15м) сметано до највисоката кота на објектите, односно до елевација од 197мнв.
3. Во делови од планскиот опфат, поточно во градежните парцели во Блок 4 и ГП 5.3 во Блок 5 е дозволена градба на објекти и други надземни структури со висини од 15м до 45м сметано до највисоката кота на објектите, односно од елевација 197 до елевација од 228мнв.
4. Во делови од планскиот опфат, поточно во Блок 1 и Блок 2, како и во ГП 5.4 од Блок 5 е дозволена градба на објекти и други надземни структури со висини до 45м, сметано до највисоката кота на објектите, односно до елевација од 228мнв.
5. Доколку во планскиот опфат се планираат градби на: издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, оџаци со височина поголема од 30м, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, или ветерници, потребно е инвеститорот, до Агенцијата за цивилно воздухопловство, да достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став 2 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на РМ" бр. 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016 и 31/2016).

Услови кои треба да бидат запазени во однос на постојниот систем за наводнување се следните:

1. Минимален работен и заштитен профил, појас со широчина од 12,0м односно по 6.0м лево и десно од осовината на цевоводот за Ø600, Ø500 и Ø450, како и заштитен појас од 3м од двете страни за Ø300, Ø280, Ø250, Ø200 и Ø175.
2. Во потребниот заштитен појас на цевоводот се забранува изградба на било какви објекти, од времен и постојан карактер и насадување на овоштарници и други видови на растенија.

3. Да се овозможи непречен пристап во зоната на појасот на цевоводот во секое време.
4. Да се почитуваат градежните линии при изградба на објекти и да се предвидат технички мерки за заштита на објектот, од било какви оштетувања настанати од евентуална хаварија на цевоводот.
5. При непочитување на дадените услови, сите предизвикани штети настанати на инфраструктурната инсталација паѓаат на товар на причинителот.

- Каде што има вкрстување на водоводот и фекална канализација да се изврши рачен ископ на возводната и низводната страна од локацијата, во присуство на претставник од АД Водостопанство на РМ, со што ќе се дефинира трасата на цевоводот во однос на предвидената траса на водоводот и фекалната канализација.

- Вкрстувањето со останатите флексибилни инсталации (енергетски, сигнални, телефонски, водоводи и др), да се изведат над темето на цевката при тоа да се користи соодветна заштита (во ПВЦ цевки).

- При изведба на патишта, височината на насипот врз цевката во зоната на трупот на патот, да не биде помала од 100см сметајќи од нивелетата на патот до горниот раб на цевката.

- При изведба на потпорни ѕидови кои се пресекуваат со цевоводот, не се дозволува пренесување на товари од потпорниот ѕид врз цевката. Цевката треба да се премости.

За сите објекти по трасата на цевоводот, кој се изградени без одобрение за градба или со одобрение за градба во кое не се почитувани наведените услови, АД Водостопанство на РМ, Подружница Тиквеш Кавадарци, не превзема одговорност за настанатите штети од потребите за редовно одржување или од хаварија на цевоводот и објектите на цевоводот (воздушни вентили, испусти, приклучоци и др.)

12.1. БЛОК 1

Блок 1 има површина од 12,59ха и содржи 8 градежни парцели, означени од број 1.1 до број 1.5 со намена Г2 – лесна индустрија, 1.6 со намена Е3–Пречистителна станица и 1.7 и 1.8 со намена Е2 – Трафостаница. Исто така, предвидени се и површини со намена Д2-заштитно зеленило и Е1- сообраќајна инфраструктура.

Површините на класите на намена содржани во блок 1, нивното процентуално учество во однос на површината на блокот, како и компатибилните класи на намена за секоја класа на намена се дадени во табелата:

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
1 12,59ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	9.97	80	Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10% В2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Заштитно зеленило	Д2	1.56	12	
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	1.03	8	
		Комунална супраструктура (Трафостаница)	Е2	0.01	0	
		Некомпатибилна инфраструктура (Пречистителна станица)	Е3	0.02	0	

Низ Блок 1 поминува среднонапонски надземен вод за кој се планира заштитна зона со вкупна ширина од 20м во кој не се дозволува планирање на градби.

Градежните парцели означени од број 1.1 до број 1.5 имаат намена Г2 – лесна индустрија. За сите градежни парцели во Блок 1 со намена Г2 – лесна индустрија потребна е разработка со *Архитектонско-урбанистички проект*, со услови и параметри согласно дадените во урбанистичкиот план вон населено место К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино и во согласност со законската регулатива.
Максимален процент на изграденост и максималниот коефициент на искористеност на земјиштето за градежните парцели во блок 1 поединечно за сите градежни парцели е дадено во табеларниот приказ.

БЛОК 1												
ГП бр.	Повр. на ГП	бр. градба	Повр. за градба	Бруто разв. повр.	Процент на изград.	Коеф. на искор.	Класа на намена	Компат. класа на намена	Кота на венец	Катност	Бр. на парк.	место на паркирање
1.1	17872	1.	7254	21763	41	1.2	Г2	Б1,Б2,Д2, Д3,Д4,Г3,Г 4 30%, Б4 10%, В2 5% мах.49%	14m	П+2	во проектна докумен.	во парцела
		2.	3442	10326	19	0.6	Г2		14m	П+2		во парцела
		вк	**10696**	**32089**	**60**	**1.8**	**Г2**		14m	**П+2**		**во парцела**
1.2	17669	1.	4502	13506	25	0.8	Г2		14m	П+2		во парцела
		2.	6119	18357	35	1.0	Г2		14m	П+2		во парцела
		вк	**10621**	**31863**	**60**	**1.8**	**Г2**		14m	**П+2**		**во парцела**
1.3	20114	1.	3652	10956	18	0.5	Г2		14m	П+2		во парцела
		2.	9007	27021	45	1.3	Г2		14m	П+2		во парцела
		вк	**12659**	**37977**	**63**	**1.8**	**Г2**		14m	**П+2**		**во парцела**
1.4	21970	1.	2622	7866	12	0.4	Г2		14m	П+2		во парцела
		2.	11620	34860	53	1.6	Г2		14m	П+2		во парцела
		вк	**14242**	**42726**	**65**	**2.0**	**Г2**		14m	**П+2**		**во парцела**
1.5	22060	1.	1696	5088	8	0.2	Г2		14m	П+2		во парцела
		2.	12022	36066	54	1.6	Г2		14m	П+2		во парцела
		вк	**13718**	**41154**	**62**	**1.9**	**Г2**		14m	**П+2**		**во парцела**
1.6	223		35	35	16	0.2	Е3		4,0м	П		
1.7	63		35	35	56	0.6	Е2		4,0м	П		
1.8	63		35	35	56	0.6	Е2		4,0м	П		

Вк.	100034	62041		185914	62	1.9

Вк.	15604		Д2	Заштитно зеленило

Вк.	10279		Е1	Сообраќајна инфраструктура

БЛОК 1	**125 917 м2**

Паркирањето и гаражирањето да се планира во рамките на градежните парцели.

Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Колски пристап не се дозволува од регионален пат Р-103 (Велес – Неготино) и од општински пат Сопот – Криволак. Колски пристап да се планира од секундарната сообраќајна мрежа, од планираните сервисни улици "Новопланирана 2" и од ул. "Новопланирана 3", како и од планираните индустриски улици "Новопланирана 1, "ул."Новопланирана 4" и ул."Новопланирана 5".

12.2. БЛОК 2

Блок 2 има површина од 6,96ха и содржи 7 градежни парцели, означени од број 2.1 до број 2.7 со намена Г2 – лесна индустрија и ГП 2.8 – комунална супраструктура (трафостаница). Исто така, предвидени се и површини за сообраќајна инфраструктура и систем за наводнување. Површините на класите на намена содржани во блок 2, нивното процентуално учество во однос на површината на блокот, како и

компатибилните класи на намена за секоја класа на намена се дадени во табелата:

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
2 6,96ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	5.89	85	Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10% В2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	0.8	11	
		Систем за наводнување	Е1	0.25	4	
		Комунална супраструктура (Трафостаница)	Е2	0.008	0	

Градежните парцели означени од број 2.1 до број 2.7 имаат намена Г2 – лесна индустрија. За градежните парцели во Блок 2 со намена Г2 – лесна индустрија за планирање на комплекс од градби во рамките на планираните површини за градба, потребна е разработка со *Архитектонско-урбанистички проект*, со услови и параметри согласно дадените во урбанистичкиот план вон населено место К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2 и К.О. Неготино и во согласност со законската регулатива.

Максимален процент на изграденост и максималниот коефициент на искористеност на земјиштето за градежните парцели во блок 2 поединечно за сите градежни парцели е дадено во табеларниот приказ.

БЛОК 2											
ГП бр.	Повр. на ГП	Повр. за градба	Бруто разв. повр.	Процент на изград.	Коеф. на искор.	Класа на намена	Компат. класа на намена	Кота на венец	Катност	Бр. на парк.	место на паркирање
2.1	19556	14452	43357	74	2.2	Г2	Б1,Б2,Д2, Д3,Д4,Г3,Г 4 30%, Б4 10%, В2 5% мах.49%	14m	П+2	во проектна докумен.	во парцела
2.2	19050	14179	42536	74	2.2	Г2		14m	П+2		во парцела
2.3	9740	6449	19347	66	2.0	Г2		14m	П+2		во парцела
2.4	2610	1000	3000	38	1.1	Г2		14m	П+2		во парцела
2.5	2492	928	2784	37	1.1	Г2		14m	П+2		во парцела
2.6	2649	1071	3213	40	1.2	Г2		14m	П+2		во парцела
2.7	2827	1121	3363	40	1.2	Г2		14m	П+2		во парцела
2.8	**80**	**35**	**35**	**44**	**0.4**	**Е2**		**4,0м**	**П**		

Вк.	**59004**	**39235**	**117635**	**66**	**2.0**

Вк.	**2548**	**Е1**	Систем за наводнување

Вк.	**8040**	**Е1**	Сообраќајна инфраструктура

БЛОК 2	**69 592 м2**

Паркирањето и гаражирањето да се планира во рамките на градежните парцели.
Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Колски пристап не се дозволува од општински пат Сопот – Криволак. Колски пристап да се планира од секундарната сообраќајна мрежа, од планираните сервисни улици "Новопланирана 2" и од ул. "Новопланирана 3", како и од планираните индустриски улици "Новопланирана 1, "ул."Новопланирана 4" и ул."Новопланирана 5".

12.3. БЛОК 3

Блок 3 има површина од 2,71ха и содржи 6 градежни парцели, означени од број 3.1 до број 3.6 со намена Г2 – лесна индустрија, но предвидена е и површина за заштитно зеленило, систем за наводнување и сообраќајна инфраструктура.

Површините на класите на намена содржани во блок 3, нивното процентуално учество во однос на површината на блокот, како и компатибилните класи на намена за секоја класа на намена се дадени во табелата:

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
3 2,71ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	2.16	80	Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10% в2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Заштитно зеленило	Д2	0.12	4	
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	0.35	13	
		Систем за наводнување	Е1	0.07	3	

Градежните парцели означени од број 3.1 до број 3.6 имаат намена Г2 – лесна индустрија. За градежните парцели во Блок 3 со намена Г2 – лесна индустрија за планирање на комплекс од градби во рамките на планираните површини за градба, потребна е разработка со *Архитектонско-урбанистички проект*, со услови и параметри согласно дадените во урбанистичкиот план вон населено место К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, и во согласност со законската регулатива.

Максимален процент на изграденост и максималниот коефициент на искористеност на земјиштето за градежните парцели во блок 3 поединечно за сите градежни парцели е дадено во табеларниот приказ.

БЛОК 3											
ГП бр.	Повр. на ГП	Повр. за градба	Бруто разв. повр.	Процент на изград.	Коеф. на искор.	Класа на намена	Компат. класа на намена	Кота на венец	Катност	Бр. на парк.	место на паркирање
3.1	3000	1555	4664	52	1.6	Г2	Б1,Б2,Д2, Д3,Д4,Г3,Г 4 30%, Б4 10%, В2 5% мах.49%	14m	П+2	во проектна докумен.	во парцела
3.2	3608	1902	5707	53	1.6	Г2		14m	П+2		во парцела
3.3	3820	1992	5976	52	1.6	Г2		14m	П+2		во парцела
3.4	3689	1999	5996	54	1.6	Г2		14m	П+2		во парцела
3.5	3832	2026	6079	53	1.6	Г2		14m	П+2		во парцела
3.6	3713	1805	5415	49	1.5	Г2		14m	П+2		во парцела
Вк.	21660	11279	33838	52	1.6						
Вк.	1248	Д2	Заштитно зеленило								
Вк.	750	Е1	Систем за наводнување								
Вк.	3476	Е1	Сообраќајна инфраструктура								
БЛОК 3	27 134 м2										

Паркирањето и гаражирањето да се планира во рамките на градежните парцели.
Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Колски пристап не се дозволува од општински пат Сопот – Криволак. Колски пристап да се планира од секундарната сообраќајна мрежа, од планираните сервисни улици "Новопланирана 2" и од ул. "Новопланирана 3", како и од планираните индустриски улици "Новопланирана 1, "ул."Новопланирана 4" и ул."Новопланирана 5".

12.4. БЛОК 4

Блок 4 има површина од 7,58ха и содржи 9 градежни парцели, означени од број 4.1 до број 4.8 со намена Г2 – лесна индустрија и 4.9 со намена Е2 – комунална супраструктура (трафостаница). Исто така, предвидени се и површини со намена Д2-заштитно зеленило, Е1-Систем за наводнување и Е1- сообраќајна инфраструктура.
Површините на класите на намена содржани во блок 4, нивното процентуално учество во однос на површината на блокот, како и компатибилните класи на намена за секоја класа на намена се дадени во табелата:

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
4 7,58ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	6.12	81	Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10% В2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Заштитно зеленило	Д2	0.25	3	
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	0.83	11	
		Систем за наводнување	Е1	0.37	5	
		Комунална супраструктура (Трафостаница)	Е2	0.006	0	

Градежните парцели означени од број 4.1 до број 4.8 имаат намена Г2 – лесна индустрија. За градежните парцели во Блок 4 со намена Г2 – лесна индустрија за планирање на комплекс од градби во рамките на планираните површини за градба, потребна е разработка со *Архитектонско-урбанистички проект*, со услови и параметри согласно дадените во урбанистичкиот план вон населено место К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, и во согласност со законската регулатива.

Максимален процент на изграденост и максималниот коефициент на искористеност на земјиштето за градежните парцели во блок 4 поединечно за сите градежни парцели е дадено во табеларниот приказ.

БЛОК 4											
ГП бр.	Повр. на ГП	Повр. за градба	Бруто разв. повр.	Процент на изград.	Коеф. на искор.	Класа на намена	Компат. класа на намена	Кота на венец	Катност	Бр. на парк.	место на паркирање
4.1	6144	3041	9123	49	1.5	Г2	Б1,Б2,Д2, Д3,Д4,Г3,Г 4 30%, Б4 10%, В2 5% мах.49%	14m	П+2	во проектна докумен.	во парцела
4.2	8117	5216	15648	64	1.9	Г2		14m	П+2		во парцела
4.3	7594	4792	14376	63	1.9	Г2		14m	П+2		во парцела
4.4	8710	5759	17277	66	2.0	Г2		14m	П+2		во парцела
4.5	7709	5133	15400	67	2.0	Г2		14m	П+2		во парцела
4.6	7483	5093	15278	68	2.0	Г2		14m	П+2		во парцела
4.7	6983	4503	13510	64	1.9	Г2		14m	П+2		во парцела
4.8	8485	5519	16557	65	2.0	Г2		14m	П+2		во парцела
4.9	**62**	**35**	**35**	**56**	**1**	**Е2**		**4,0м**	**П**		

Вк.	**61286**	**39091**	**117204**	**64**	**1.9**

Вк.	**2567**	Д2	Заштитно зеленило

Вк.	**3684**	Е1	Систем за наводнување

Вк.	**8265**	**Е1**	Сообраќајна инфраструктура

БЛОК 4	**75 802 м2**

Паркирањето и гаражирањето да се планира во рамките на градежните парцели.
Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Колски пристап не се дозволува од општински пат Сопот – Криволак. Колски пристап да се планира од секундарната сообраќајна мрежа, од планираните сервисни улици "Новопланирана 2" и од ул. "Новопланирана 3", како и од планираните индустриски улици "Новопланирана 1, "ул."Новопланирана 4" и ул."Новопланирана 5".

12.5. БЛОК 5

Блок 5 има површина од 4,72ха и содржи 4 градежни парцели, означени од број 5.1 до број 5.3 со намена Г2 – лесна индустрија и 5.4 со намена Е3 – некомпатибилна инфраструктура (прочистителна станица). Предвидени се и површини со намена Д2-Заштитно зеленило, Е1-Систем за наводнување и Е1 –Сообраќајна инфраструктура.
Површините на класите на намена содржани во блок 5, нивното процентуално учество во однос на површината на блокот, како и компатибилните класи на намена за секоја класа на намена се дадени во табелата:

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
5 4,72ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	2.32	49	Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10% в2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Заштитно зеленило	Д2	1.15	24	
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	0.66	14	
		Систем за наводнување	Е1	0.45	10	
		Некомпатибилна инфраструктура (Пречистителна станица)	Е3	0.14	3	

Градежните парцели означени од број 5.1 до број 5.3 имаат намена Г2 – лесна индустрија. За градежните парцели во Блок 5 со намена Г2 – лесна индустрија за планирање на комплекс од градби во рамките на планираните површини за градба, потребна е разработка со *Архитектонско-урбанистички проект*, со услови и параметри согласно дадените во урбанистичкиот план вон населено место К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино и во согласност со законската регулатива.

Во близина на Блок 5 се наоѓа леталиштето за стопанска авијација "Црвени Брегови", па поради тоа планирана е површина со намена Д2-заштитно зеленило каде не е дозволена градба на било какви наземни објекти или други надземни структури.

Максимален процент на изграденост и максималниот коефициент на искористеност на земјиштето за градежните парцели во блок 5 поединечно за сите градежни парцели е дадено во табеларниот приказ.

БЛОК 5											
ГП бр.	Повр. на ГП	Повр. за градба	Бруто разв. повр.	Процент на изград.	Коеф. на искор.	Класа на намена	Компат. класа на намена	Кота на венец	Катност	Бр. на парк.	место на паркирање
5.1	4851	2400	4800	49	1.5	Г2	Б1,Б2,Д2, Д3,Д4,Г3,Г 4 30%, Б4 10%,	9m	П+1	во проектна докумен.	во парцела
5.2	11236	7929	23787	71	2.1	Г2		12m	П+2		во парцела
5.3	7070	4314	12942	61	1.8	Г2		14m	П+2		во парцела
5.4	1381	35	35	3	0.0	Е3		4,0м	П		
Вк.	24538	14678	41565	60	1.7						
Вк.	11495	Д2	Заштитно зеленило								
Вк.	4504	Е1	Систем за наводнување								
Вк.	6655	Е1	Сообраќајна инфраструктура								
БЛОК 5	47 192 м2										

Паркирањето и гаражирањето да се планира во рамките на градежните парцели.

Потребниот број на паркинг места е определен согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16).

Колски пристап се планира од секундарната сообраќајна мрежа, од планираните сервисни улици "Новопланирана 2" и од ул. "Новопланирана 3", како и од планираните индустриски улици "Новопланирана 1, "ул."Новопланирана 4" и ул."Новопланирана 5".

Класа на намена
Д2 – Заштитно зеленило
Предвидени се неколку локации каде се планира заштитно зеленило, кои ќе претставуваат тампон зони во кои не е предвидено градење на објекти. Заштитно зеленило се планира покрај регионалниот патен правец Р -103 (Велес-Неготино), покрај општинскиот пат Сопот-Криволак, на места каде минува постојниот систем за наводнување, како и северно од леталиштето за стопанска авијација "Црвени Брегови".
Локацијата со намена заштитно зеленило во Блок 5 (северно од леталиштето) е резервирана за воздушни потреби и во неа е забранета градба на било какви надземни објекти или други надземни структури.

Класа на намена

Е2 – Комунална супраструктура (трафостаница)

Планирани се четири локации наменети за планирање на трафостаници. Сите потребни параметри да се планираат со Архитектонско-урбанистички проекти согласно потребите за идните планирани градби со намена Г2-лесна индустрија, во согласност со мрежните правила на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Класа на намена
Е3 – Некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица)

Пречистителни станици се предвидени покрај улица "Новопланирана 2", а разработката ќе се изврши со Архитектонско – урбанистички проект.
По извршеното пречистување на отпадните води пречистената вода се усмерува кон рецепиентот р.Вардар која предходно се насочува во постоечкиот канал.

Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на соодветен третман во кругот на стопанскиот комплекс и да бидат доведени до потребниот степен на квалитет према "Уредба за класификација на водите", односно да бидат пречистени во пречистителна станица.

Задолжително е испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99) и Уредбата за категоризација на водите (Сл.в.на РМ, бр.18/99).

Мерки за заштита

Заради подобрување на животната и работната средина, се предлагаат следните мерки за заштита:

1. Од аспект на аерозагадувањето и подобрување на квалитетот на воздухот, се задолжува барателот на планската документација да внимава на загадувањето и да ги презамат сите потребни мерки за заштита пропишани со Законот а на слободните површини околу изградените градби се предвидуваат зелени површини и тоа посебно од високо зеленило, кои како тампон ќе делуваат во повеќе односи: во апсорбирање на правот и бучавата како и естетско делување врз човекот;
2. Водата како битен елемент за опстанок на живот земјата треба посебно да се заштити од загадување.
3. Потребно е да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води, прочистителна станица, при што и квалитетот на водата што се испушта треба да биде еквивалентен на квалитетот на водата во реципиентот, односно во согласност со Уредбата за квалификација на водите (Сл.в. 18/99.)

4. Вградување на соодветен режим на заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство од Законот за заштита на културното наследство.

Доколку бидат констатирани археолошки содржини да се прекине со земјениот ископ, и да се овозможи спроведување на заштитни мерки, односно да се изврши заштитно археолошко истражување.

Трајче Грков диа

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ВК.ХА	%	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена
Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Г2 Лесна индустрија	26.46	76	Б - Комерцијални и деловни намени (Б1, Б2 до 30% , Б4 до 10% од Г2) В - Јавни институции (В2 до 5%) Г - Производство, дистрибуција и сервиси (Г3, Г4 до 30% од Г2) Д-Зеленило и рекреација (Д2,Д3,Д4 до 30%), Вк.мах. 49% од Г2
Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Д2 Заштитно зеленило	3.09	9	/
Е ИНФРАСТРУКТУРА	Е1 Сообраќајна инфраструктура	3.67	11	/
	Е1 Систем за наводнување	1.15	3	
	Е2 Комунална супраструктура (Трафостаница)	0.03	0.5	/
	Е3 Некомпатибилна инфраструктура (Пречистителна станица)	0.16	0.5	/
ВКУПНО		**34.56**	100	

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
1 12,59ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	9.97	80	Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10% В2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Заштитно зеленило	Д2	1.56	12	
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	1.03	8	
		Комунална супраструктура (Трафостаница)	Е2	0.01	0	
		Некомпатибилна инфраструктура (Пречистителна станица)	Е3	0.02	0	

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
2 6,96ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	5.89	85	Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10% В2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	0.8	11	
		Систем за наводнување	Е1	0.25	4	
		Комунална супраструктура (Трафостаница)	Е2	0.008	0	

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
3 2,71ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	2.16	80	Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10% В2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Заштитно зеленило	Д2	0.12	4	
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	0.35	13	
		Систем за наводнување	Е1	0.07	3	

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
						Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10%

4 7,58ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	6.12	81	В2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Заштитно зеленило	Д2	0.25	3	
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	0.83	11	
		Систем за наводнување	Е1	0.37	5	
		Комунална супраструктура (Трафостаница)	Е2	0.006	0	

БЛОК	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	КЛАСА НА НАМЕНА	ОЗНАКА	ВК.ХА	%	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА
5 4,72ха	ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Лесна индустрија	Г2	2.32	49	Б1, Б2 до 30% ,Б4 до 10% В2 до 5% од Г2 Г3, Г4 до 30% од Г2 Д2,Д3,Д4 до 30% Вк.мах. 49% од Г2
	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Заштитно зеленило	Д2	1.15	24	
	ИНФРАСТРУКТУРА	Сообраќајна инфраструктура	Е1	0.66	14	
		Систем за наводнување	Е1	0.45	10	
		Некомпатибилна инфраструктура (Пречистителна станица)	Е3	0.14	3	

14. ИЗВОД ОД СОСЕДЕН УПВНМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА НЕГОТИНО
Број: 11-127 од 20. 04. 2023 год.
Одделение за урбанизам и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 75
УПВНМ: за стопански комплекс КП 1000
Стопански комлекс, КП 1000 КО Неготино
одлука број: 07-437/4 од 13. 09. 2012 година
Плански период: 2011 - 2021 година
Намена на градба: Г2,Г4 - Лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта
КО Неготино КП бр.1000
ДЛ бр. / М = 1 : 1000

ИЗВОДОТ ЗА КП бр.1000; КО Неготино; од УПВНМ: Стопански комлекс за- КП 1000; КО Неготино, Неготино

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

а) Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:
- легенда
- табела со нумерички показатели

б) Заверена копија од други графички прилози со легенда
- инфраструктурен план со легенда
- сообраќаен и нивелациски план со легенда

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

а) Заверена копија од: општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

б) Податоци за постојна инфракструктура и приклучоци
- постоечка улица /
- нема приклучок на водоводна и фекална мрежа
- нема приклучок на НН мрежа

изготвил: _____ **ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНА;**

контролирал: _____ **_____**

М. П.

1.ТАБЕЛА - КЛАСИ НА НАМЕНИ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ m2	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ m2	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО ОПФАТ
293,900.00	Г2,Г4	247,910.00	84.35%
	Д2	19,660.00	6.69%
	Е1	25,635.00	8.72%
	Е2-трафостаница	260.00	0.09%
	Е2-мерна станица за гас	435.00	0.15%

2.ТАБЕЛА - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

БЛОК	БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.(С.Л.ВЕСНИК НА РМ БР.142/10,64/11) МАКСИМАЛНО 30% УЧЕСТВО НА ЗБИРОТ ВО ОСНОВНАТА КЛАСА	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ +1	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА m2	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА ПОВЕЌЕ ГРАДБИ ВО УТВРДЕНИОТ ПРОСТОР ЗА ГРАДБА	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА ПО НИВОА	КОЕФИЦИЈЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
1	1.1	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	35,840.00	25,088.00	37,632.00	1.05	70.00%
	1.2	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	30,290.00	21,203.00	31,804.50	1.05	70.00%
	1.3	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	27,980.00	19,586.00	29,379.00	1.05	70.00%
	1.4	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	18,315.00	12,820.50	19,230.75	1.05	70.00%
	1.5	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	18,245.00	12,771.50	19,157.25	1.05	70.00%
	1.6	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	17,200.00	12,040.00	18,060.00	1.05	70.00%
	1.7	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	17,535.00	12,267.50	18,401.25	1.05	70.00%
	1.8	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	13,980.00	9,786.00	14,679.00	1.05	70.00%
	1.9	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	12,955.00	9,069.50	13,604.25	1.05	70.00%
	1.10	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	13,810.00	9,667.00	14,500.50	1.05	70.00%
	1.11	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	13,635.00	9,544.50	14,316.75	1.05	70.00%
	1.12	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	12,645.00	8,851.50	13,277.25	1.05	70.00%
	1.13	Г2,Г4	Б1,Б2,Д2,Г3	П+1	12.00	15,460.00	10,822.00	16,233.00	1.05	70.00%
	1.14	Е2-трафостаница		П	3.00	145.00	50.00	50.00	0.34	34.48%
	1.15	Е2-трафостаница		П	3.00	115.00	50.00	50.00	0.43	43.48%
	1.16	Е2-мерна станица за гас		П	3.00	435.00	150.00	150.00	0.34	34.48%
	ПОВРШИНА НА БЛОК m2		293,900.00	ВКУПНО НА НИВО НА БЛОК			173,787.00	260,555.50	0.89	59.13%

-УТВРДЕНАТА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОВЕЌЕ ГРАДБИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ РАЗРАБОТИ СО ИЗРАБОТКА НА АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СОГЛАСНО ЧЛЕН 51 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (С.ЛЕСНИК НА РМ БР.51/05, 137/07 91/09,53/11,15,18/15

-ПАРКИРАЊЕТО ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЌЕ СЕ ОДВИВА ВО СОПСТВЕНИ ПАРЦЕЛИ, ПОТРЕБНИОТ БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА ЌЕ СЕ ДЕФИНИРА СПОРЕД НАМЕНАТА НА ГРАДБИТЕ И НИВНАТА ГОЛЕМИНА СО АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 59 И ЧЛЕН 61 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (С.ЛЕСНИК %2/10,64/11)

ЛОКАЛЕН ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК

РЕГИОНАЛЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ Р-103 (ВЕЛЕС-НЕГОТИНО)

АВТОПАТ М-1 (Е-75)

ЛОКАЛЕН ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК (НАДВОЗНИК НАД Р-117 И М-1

УЛ.НОВОПЛАНИРАНА 1

УЛ.НОВОПЛАНИРАНА 2

УЛ.НОВОПЛАНИРАНА 3

Г2,Г4 Hmax=12.0m П+1

Е2 Hmax=3.0m П


Д2

ВИД НА ПЛАН	УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО
ИМЕ	ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП, СКЛАДИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ, КП1000 КО НЕГОТИНО
МЕСТО	ОПШТИНА НЕГОТИНО
ПЛАНСКИ ОПФАТ	СЕВЕРОЗАПАД: ОСОВИНА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК СЕВЕРИСТОК: ОСОВИНА НА НОВОПЛАНИРАНА УЛ.1 ЈУГИСТОК: ОСОВИНА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК И ГРАНИЦА НА КП1000 ЈУГОЗАПАД: ОСОВИНА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103
ПОВРШИНА	29.3 ха
ФАЗА	ПЛАН — ПЛАНСКИ ПЕРИОД: 2011 - 2021
ДЕЛ	ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА — РАЗМЕР: 1 : 1000

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
1.1,1.2,.. НУМЕРАЦИЈА НА ГР.ПАРЦЕЛА
Д2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
Г2,Г4 СТОВАРИШТА
Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ТРАФОСТАНИЦА
Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА МЕРНА СТАНИЦА ЗА ГАС
Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ ИНФРАСТРУКТУРНИ КОРИДОРИ

НАДЗЕМНА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА ДАЛНОВОД 35 kV (ЗАШТИТЕН ПОЈАС 15m ОД ДВЕТЕ СТРАНИ)
НАДЗЕМНА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА 10kV (ЗАШТИТЕН ПОЈАС 10m ОД ДВЕТЕ СТРАНИ)
ДИСЛОКАЦИЈА НА НАДЗЕМНА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА
ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА
НОВОПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
ЗАШТИТЕН ПОЈАС 30m НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103 (ВЕЛЕС-НЕГОТИНО)
НОВОПЛАНИРАНА МЕРНА СТАНИЦА ЗА ГАС
ПОСТОЕЧКИ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ЗАШТИТЕН ПОЈАС ОД 6m ОД ДВЕТЕ СТРАНИ ЗА ФАЗНО ПОДЗЕМНО ОД 2.5m ОД ДВЕТЕ СТРАНИ ЗА ЈАЖЕ

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ, БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА — УПРАВИТЕЛ САШКО ИВАНОВ дипл
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА НЕГОТИНО
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГЈЕЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 — САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095
СОРАБОТНИЦИ	МИХАЕЛ ДИМИТРОВСКИ дипл
ПРИЛОГ	РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ
ТЕК. БРОЈ	Ч02-02/11 — ДАТУМ 07.2012 — ЛИСТ 1



ВИД НА ПЛАН	УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО
ИМЕ	ЗА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ОТКУП, СКЛАДИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ, КП1000 КО НЕГОТИНО
МЕСТО	ОПШТИНА НЕГОТИНО
ПЛАНСКИ ОПФАТ	СЕВЕРОЗАПАД ОСОВИНА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК СЕВЕРИСТОК ОСОВИНА НА НОВОПЛАНИРАНА УЛ.1 ЈУГИСТОК ОСОВИНА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК И ГРАНИЦА НА КП1000 ЈУГОЗАПАД ОСОВИНА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103
ПОВРШИНА	29.3 ха
ФАЗА	ПЛАН — ПЛАНСКИ ПЕРИОД: 2011 – 2021
ДЕЛ	ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА — РАЗМЕР: 1 : 1000

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
НУМЕРАЦИЈА НА ГР.ПАРЦЕЛА
ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
СТОВАРИШТА
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ТРАФОСТАНИЦА
КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА МЕРНА СТАНИЦА ЗА ГАС
ЕЛ-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА СОБИРАЛЕН КОРИДОР ИНФРАСТРУКТУРНИ КОРИДОРИ

НАДЗЕМНА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА ДАЛНОВОД 35 kV (ЗАШТИТЕН ПОЈАС 10m ОД ДВЕТЕ СТРАНИ)
НАДЗЕМНА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА 10kV (ЗАШТИТЕН ПОЈАС 5m ОД ДВЕТЕ СТРАНИ)
ДИСЛОКАЦИЈА НА НАДЗЕМНА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА
ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА
НОВОПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
ЗАШТИТЕН ПОЈАС 20m НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103 (ВЕЛЕС-НЕГОТИНО)
НОВОПЛАНИРАНА МЕРНА СТАНИЦА ЗА ГАС
ПЛАНИРАНА ЕЛ. ИНСТ. 10kV
ПЛАНИРАНА Н.Н. ЕЛ. ИНСТ.
ПЛАНИРАН ГАСОВОД
ПЛАНИРАНА ТФ ИНСТАЛАЦИЈА
ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА ИНСТ.
ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛ.
ПЛАНИРАНА АТМОСФ.КАНАЛ
ПОСТОЕЧКИ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ЗАШТИТЕН ПОЈАС ОД 5m ОД ДВЕТЕ СТРАНИ ЗА ФЕКО
ЗАШТИТЕН ПОЈАС ОД 2.5m ОД ДВЕТЕ СТРАНИ ЗА ФЕЛА

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ dua
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА НЕГОТИНО
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 САШКО ИВАНОВ dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095
СОРАБОТНИЦИ	МИХАЕЛ ДИМИТРОВСКИ dua
ПРИЛОГ	ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН И ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО
ТЕХ. БРОЈ	У02-02/11 — ДАТУМ 07.2012 — ЛИСТ 3

3.ТАБЕЛА – НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ

НАЗИВ	ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ	ДОЛЖИНА m1	ВКУПНА ПОВРШИНА m2
РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103	КОЛОВОЗ 2x3m	725.00	4,350.00
	2x2m	725.00	2,900.00
ЛОКАЛЕН ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК	КОЛОВОЗ 2x3m	895.00	5,370.00
	2x2m	895.00	3,580.00
НОВОПЛАНИРАНА УЛ.1- ИНДУСТРИСКА УЛИЦА	КОЛОВОЗ 2x3,5m	560.00	3,920.00
	ТРОТОАР 2x1.5m	560.00	1,680.00
НОВОПЛАНИРАНА УЛ.2,3 и 4- ИНДУСТРИСКА УЛИЦА	КОЛОВОЗ 2x3,5m	905.00	6,335.00
	ТРОТОАР 2x1.5m	905.00	2,715.00
ВКУПНА УЛИЧНА МРЕЖА m2			**30,850.00**


2.ТАБЕЛА – НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТм2	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ м2	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО ОПФАТ
293,900.00	Г2,Г4	247,910.00	84.35%
	Д2	19,660.00	6.69%
	Е1	25,635.00	8.72%
	Е2-трафостаница	260.00	0.09%
	Е2-мерна станица за гас	435.00	0.15%

НАЗИВ	ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ	ДОЛЖИНА м1	ВКУПНА ПОВРШИНА м2
РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-103	КОЛОВОЗ 2x3м	725.00	4,350.00
	2x2м	725.00	2,900.00
ЛОКАЛЕН ПАТ СОПОТ-КРИВОЛАК	КОЛОВОЗ 2x3м	895.00	5,370.00
	2x2м	895.00	3,580.00
НОВОПЛАНИРАНА УЛ.1-ИНДУСТРИСКА УЛИЦА	КОЛОВОЗ 2x3,5м	560.00	3,920.00
	ТРОТОАР 2x1.5м	560.00	1,680.00
НОВОПЛАНИРАНА УЛ.2,3 и 4-ИНДУСТРИСКА УЛИЦА	КОЛОВОЗ 2x3,5м	905.00	6,335.00
	ТРОТОАР 2x1.5м	905.00	2,715.00
ВКУПНА УЛИЧНА МРЕЖА м2			**30,850.00**

НАЗИВ	ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ	ДОЛЖИНА м1
ВОДОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА	ДН75	120.00
	ДН110	6,095.00
	ДН150	5,215.00
ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА	ДН250	7,340.00
	ДН300	4,295.00
АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА	ДН400	120.00
	ДН500	765.00
	ДН630	3,095.00
	ДН800	3,550.00
	ДН1000	4,095.00
	ДН1200	210.00

Б) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

А) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678,КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино, се изработува врз основа на член 16 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), како и подзаконските акти што произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) и другата законска регулатива од областа на уредувањето на просторот и урбанистичкото планирање.

За Урбанистичкиот план вон населено место дефиниран е плански период од 5 години, односно за овој Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678,КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино Општина Неготино, планскиот период е 2023-2028 година.

Изготвувањето на документацијата се врши согласно:

- Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25),
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25)
- Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ, бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15,116/15, 150/15, 31/16,71/16,163/16,174,21).
- Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22)
- Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата на животната средина (Сл. Весник на РМ 74/05 и 109/09).

Цел на **Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678,КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино**, е утврдување на класата на намена , сообраќајната инфраструктура, како и комунална инфраструктура во склад со важечките Закони и Правилници и детално да се дефинираат сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за идни градежни активности на објектот.

Сите поединечни елементи на планот ќе содржат текстуален дел со нумерички показатели за постојната и планираната состојба како и потребен број

на графички прилози.

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОВПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКАТА ПОДЛОГА

Границата на планскиот опфат на Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино во графичкиот дел од планската документација е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, кои може да се отчитаат на дигитализирана векторизирана подлога врз која се изработени графичките прилози. Предметниот плански опфат е со површина од **345637.5 м^2** или **34,56ха**. Предметниот плански опфат и називот се превземени од Одобрениот УПВНМ врз кој се заснова оваа Измена и дополна. Во рамки на овој опфат се опфатени следните парцели: дел од КП 556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП 678, КП 679, КП 680, дел од КП 681/1, КП 681/2, КП 681/3, КП 762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1, КО Неготино, Општина Неготино.

Граници на планскиот опфат се:

- на север границата се движи кон исток по границата на КП бр. 678 со КП 510/2, КП 511, КП 524/1, КП 677/1, КП 674, КП 672, КП 667/3, КП 667/2, КП 666, КП 663 и КП 662 КО Криволак од запад кон исток;
- на североисточна страна опфатот минува низ границата меѓу КП 682 и КП 681/1 КО Криволак;
- потоа се прекршува и кон југоисток и минува низ границата на КП 681/1 и КП 752/1 КО Криволак;
- границата на опфатот се прекршува кон северозапад и минува низ границата на КП 681/1 и КП 683/2 КО Криволак;
- повторно се прекршува кон југозапад и минува низ границата на КП 681/1 и КП 683/2 и КП 683/4 КО Криволак;
- продолжува кон југоисток низ границата на КП 681/1 и КП 683/4 КО Криволак;
- се прекршува кон југ и од југоисточната страна минува низ КП 1006/2 и во најјужниот дел низ КП 1000/1 и КП 4178/1 КО Неготино;
- се прекршува кон северозапад и минува низ КП 4178/1 КО Неготино, потоа низ КП 556 КО Црвени Брегови 2;

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 72, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по Y и X координати:

1	7589961,308	4597967,447
2	7589964,12	4597969,92
3	7589966,59	4597972,4
4	7589985,5	4597983,88
5	7590024,94	4597999,83
6	7590037,03	4597999,95
7	7590058,75	4597998,88
8	7590071,56	4598001,01
9	7590102,17	4598010,07
10	7590135,46	4598022,76
11	7590146,95	4598026,73
12	7590206,54	4598038,47
13	7590238,1	4598044,98
14	7590290,81	4598051,87
15	7590338,17	4598051,08
16	7590385,16	4598048,81
17	7590403,78	4598045,06
18	7590449,76	4598024,63
19	7590490,17	4598005,83
20	7590540,12	4597989,62
21	7590590,17	4597980,53
22	7590663,08	4597964,56
23	7590719,12	4597957,78
24	7590734,01	4597958,58
25	7590746,94	4597960,88
26	7590803,37	4597959,46
27	7590869,4	4597960,17
28	7590954,63	4597958,23
29	7591010,83	4597960,18
30	7591048,7	4597962,68
31	7591105,17	4597965,6
32	7591126,52	4597969
33	7591173,52	4597976,65
34	7591175,63	4597977,35
35	7591220,79	4597992,27
36	7591263,94	4598008,84
37	7591284,42	4598014,85
38	7591327,88	4598026,26
39	7591384,64	4598040,33
40	7591440,77	4598054,71
41	7591449,15	4598057,01
42	7591507,534	4598072,352
43	7591522,76	4598027,79
44	7591485,5	4598006,94
45	7591440,73	4597981,74
46	7591410,02	4597961,96
47	7591381,84	4597946,39
48	7591338,61	4597924,4
49	7591294,81	4597903,3
50	7591245,52	4597878,38
51	7591210,59	4597861,16
52	7591136,21	4597957,21
53	7591038,1	4597880,83
54	7590998,65	4597850,38
55	7591051,228	4597780,233
56	7591046,498	4597776,987
57	7590994,671	4597750,388
58	7590962,638	4597731,844
59	7590934,167	4597718,043
60	7590829,462	4597675,808
61	7590765,887	4597653,372
62	7590691,052	4597624,105
63	7590635,709	4597596,119
64	7590595,352	4597574,389
65	7590563,089	4597547,317
66	7590525,827	4597573,083
67	7590428,202	4597634,859
68	7590360,902	4597677,446
69	7590292,444	4597720,766
70	7590195,977	4597781,81
71	7590120,424	4597832,671
72	7590041,041	4597895,694

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕТСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Основната стратегија во организацијата и користењето на просторот, во смисла на поддршка на развојот на стопанството, ја сочинуваат такви решенија во просторот кои овозможуваат: поголема атрактивност на просторот; заштита на природните и создадените ресурси и богатства; сообраќајно, информатичко и управувачко поврзување; развој на информационен систем за просторот и животната средина; локациска флексибилност во донесувањето на инвестиционите одлуки.

Заштита на земјоделското земјиште

Согласно "Просторниот план на Република Македонија" просторот на РМ е поделен во земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони. При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето од I – IV класа во не земјоделско земјиште, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште под пасишта и ниви.

Економски основи на просторниот развој

Реализацијата на **Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678,КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино** се надоврзува на одобрениот Урбанистичкиот план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556 дел, 678 дел, 679, 680, 681/1, КП681/2, КП681/3 дел, 762,1000/1 дел, 1006/2 дел и 4178 дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, КО Неготино, Општина Неготино и ќе биде во функција на развој на локалната економија и согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Енергетика и комуникациска инфраструктура

Постојната и планирана енергетска и комуникациска инфраструктура нема конфликти.

Урбанизација

Изградбата на градби со намена лесна индустрија би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување и јавни функции

Иницијативата за изработка на **Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678,КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино** се надоврзува на одобрениот УПВНМ за изградба на објекти со класа на намена Г2-лесна индустрија К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, КО Неготино, Општина Неготино, и е во функција на концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Индустрија

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор. Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на “одржлив” развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.

Една од основните цели на концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со “Просторниот план на РМ” е примена на стратегијата на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во пред конкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.

Сообраќајна инфраструктура

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (“Службен весник на Република Македонија” бр. 84/08, бр.52/09, бр. 114/09, бр. 124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр. 44/12,168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).При изработка на планската документација, од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на леталиштето, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Заштита на животната средина

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на **Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678,КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена. Да се контролира квалитетот на прочистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина. Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачи на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина. Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природно наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Р. Македонија на просторот предложен за изработка на **Измена и дополна на УПВНМ за лесна индустрија на дел од КП556, КО Црвени Брегови 2, дел од КП678,КП679, КП680, дел од КП681, КП762, КО Криволак, дел од КП 1000/1, дел од КП 1006/2 и дел од КП 4178/1 Ко Неготино, Општина Неготино**, нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство. На предметниот простор не е регистрирано природно наследство, но доколку при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено со изградба на овој комплекс, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно со Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Просторот се наоѓа во зона на VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите градби. Задолжителна е примена на мерки за заштита од пожар. Просторот предвиден за изградба на стопански комплекс се наоѓа во зона на индиректна загрозеност од воени дејства, што наметнува задолжителна примена на мерките за заштита и спасување.

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Целта на овој план е да изврши хармонизација на просторните, создадените и природни услови и да се предвидат наменски употреби на земјиштето со функционална целина, со естетска препознатливост и најважно од се со економско оправдување.

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТИ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

Планскиот концепт е поставен врз основа анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскот концепт е во директна зависност од големината на планскиот опфат, природните фактори, конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.

Просторот нема посебни пејзажни вредности и претставува ридест терен. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните, создадените и природни услови и да предвиди наменски употреби на земјиштето како функционална целина, со естетска препознатливост и најважно од се економски оправдана.

Во рамки на планскиот опфат се предвидени пет урбанистички блокови секој со различен број на парцели. Сообраќајниот концепт во рамки на планскиот опфат е преземен од постојниот УПВНМ со измени во однос на ширините на

улиците за да се усогласат со новиот Правилник („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Планираната сообраќајна мрежа овозможува нормално одвивање на сообраќајот во планираниот простор. Со овој Урбанистички план вон населено место се одредуваат основните наменски употреби на земјиштето врз основа на Планската програма, водејќи сметка зоната да добие своја естетска препознатливост. Во зоната ќе се испланираат намени кои дозволуваат идните градби да можат архитектонски да се обликуваат и да имаат високи естетски карактеристики.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Во планскиот опфат формирани се **33 градежни парцели**. Формирањето на Градежните парцели е врз основа на сопственоста на земјиштето, како и барањата на сопствениците. Сите парцели и планирани површни за градење се во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Задоволување на потребите за вода во рамките на планскиот опфат ќе се врши преку нова водоводна мрежа согласно планираните водови во опфатот, која се планира да биде приклучена на постојната водоводна мрежа од градот Неготино.

Задоволување на потребите на електрика и телефонска мрежа во рамките на планскиот опфат ќе се врши преку новопланираните системи, кои во договор со надлежната институција се планира да бидат приклучени кон постојните водови од градот Неготино.

За прифаќање на отпадните води се планира изведба на канализациона односно атмосферска мрежа која во договор со надлежната институција се планира да бидат приклучени кон постојната мрежа на градот Неготино.

Во овој УПВНМ планските решенија за инфраструктурата: сообраќајниците, водоводната, канализационата, електричната и електронско-комуникациската инфраструктурна мрежа се планирани согласно постојната состојба и потребите за развој.

Доколку за реализацијата на одредени линиски инфраструктурни објекти не е утврдена трасата во овој УПВНМ, реализација на истите ќе биде преку изработка на проект за инфраструктура од член 58 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).

6.1 Наменска употреба на градежното земјиште

Во рамките на планскиот опфат, планирани се следните наменски употреби на градежното земјиште:

1. РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА - (група на класа на намена - Г)
- Г2 - лесна, преработувачка и помалку незагадувачка индустрија;

2. ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ - (група на класа на

намена - Д)
- Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило

3. ИНФРАСТРУКТУРА - (група на класа на намена - Е)
- Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури;
- Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури;
- Е1.6 - Канализациски инфраструктури;
- Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија;
- Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани;

Урбанистички параметри за класата на намена Г2: максималната височина на градбите, максимален број на спратови, процент на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, кота на нулта плоча, во рамките на планскиот опфат на УПВНМ, се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) и тоа: максималната височина на градбите изнесува, максимален број на спратови, максимално дозволениот процент на изграденост на земјиштето. Коефициентот на искористеност на земјиштето е дефиниран во урбанистичките параметри за секоја градежна парцела поединечно но истиот не сме да биде повеќе од 2. Со основниот проект во зависност од конфигурацијата на теренот ќе се определи точната кота на нултата плоча согласно член 123 од (Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

6.2 Сообраќајна инфраструктура

6.2.1 Сообраќај

Профилот на регионалниот патен правец Р-103 и општински пат се преземени од соседен УПВНМ за стопански комплекс на КП 1000 КО Неготино и одобрен УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680,681 дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2 дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино). Категоризацијата и местоположбата на новопланираните улици се преземени од одобрен УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680, 681 дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2 дел и 4178 дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино, а профилот е сменет за да се усогласи со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Релевантен регионален патен правец за предметаната локација е Регионален пат Р1102 (Велес - Неготино - Д.Капија)

Мрежата на сообраќајници ја сочинуваат следните видови улици:
· Регионален пат
· Локален пат
· Сервисни улици
· Индустриски улици

Регионален пат Регионален пат Р1102 (Велес - Неготино - Д.Капија)

Профил 1-1
со вкупна ширина од 13,0м.
коловоз 2 x 3.0м = 6,0м,
исклучна лента = 3,0м
банкини 2 x 2.0м = 4.0м
Профил 2-2
со вкупна ширина од 10,0м.
коловоз 2 x 3.0м = 6,0м,
банкини 2 x 2.0м = 4.0м

Општински пат Сопот - Криволак
(превземена категоризација и профил од соседен УПВНМ за стопански комплекс на КП 1000 КО Неготино)

Профил 3-3
со вкупна ширина од 10,0м.
Коловоз 2 x 3.0м = 6,0м,
Тротоари 2 x 2,0м = 4,0м

Сервисни улици
(превземена категоризација од одобрен УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680,681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино)
улица “Новопланирана 2”
улица “Новопланирана 3”

Профил 4-4
со вкупна ширина од 11,30м.
Коловоз 2 x 3,25м = 6,5м,
Тротоари 2 x 2,40м = 4,8м

Индустриски улици
(превземена категоризација од одобрен УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680,681дел, 762, 1000/1дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино)
ул. “Новопланирана 1”,
ул. “Новопланирана 4”,
ул. “Новопланирана 5”,
ул. “Новопланирана 6”,
ул. “Новопланирана 7”,

Профил 5-5
со вкупна ширина од 11,80м.
Коловоз 2 x 3,50м = 7,0м,
Тротоари 2 x 2,40м = 4,8м

Пешачкиот сообраќај во главно ќе се одвива по тротоарите по кои може континуирано и несметано да се движи низ планскиот опфат, како и низ

планираната пешачка улица. Паркирањето во градежните парцели, решавано е спрема можностите кои ги дава парцелата.
Имајќи во предвид дека регионалниот пат претставува магистрална улица за пристапување до локацијата има и лента за успорување и лента за забрзување односно приклучно – исклучна лента заедно со клинови од двете страни на регионалниот пат. Должината на клиновите и приклучно - исклучната лента се пресметани согласно секторската брзина која изнесува 50km/h. Должините на приклучната и исклучната лента, како и должината на клиновите се пресметуваат по следнава равенка:

V – брзина = 50 km/h
V' = 0.8x50=40 km/h
V''= 30 km/h

Должина на исклучна лента

$$L=\frac{V'^2-V''^2}{26xd}=\frac{40^2-30^2}{26x1.5}=\frac{700}{39}=18m$$

Должина на приклучна лента

$$L=\frac{V'^2-V''^2}{26xa}=\frac{40^2-30^2}{26x1}=\frac{700}{26}=27m$$

Должина на клинови

$$L=\frac{txV'}{3.6}=\frac{3x40}{3.6}=33m$$

V- брзина
*V'=0.8*секторска – брзина*
t = 3.0sec
a=1- забрзување (m/sec^2)
d=1.5- забавување (m/sec^2)

Профилот, како и приклучната и исклучна лента се превземени од соседен УПВНМ за стопански комплекс на КП 1000 КО Неготино и одобрен УПВНМ за лесна индустрија на КП бр. 556дел, 678дел, 679, 680,681дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2дел и 4178дел, К.О. Криволак, К.О. Црвени Брегови 2, К.О. Неготино). Според пресметката должината на приклучната лента изнесува 27м, а е усвоена според соседен УПВНМ 36м, додека должината на исклучната лента според пресметката изнесува 18м, а е усвоена 29м. Должината на клиновите според пресметката изнесува 33м и се поклопува со должината од соседен УПВНМ.

6.2.2 Паркирање

Планирано е потребниот број на паркинг места да се обезбеди во сопствената градежна парцела. Потребниот број на паркинг места и димензионирањето на истите ќе биде решено согласно со член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Анализата за потребниот број на паркинг места да се направи при

изработка на план за парцелација и план на намена земјиштето и градбите за секој блок поединечно. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места во сопствена парцела ќе биде основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина на градбата.
Површината за паркирање со пристап на едно патничко моторно возило со 4+1 седишта треба да изнесува од 25 до 35 м^2.
Површината за паркирање со пристап на едно лесно товарно возило треба да изнесува од 53 до 72 м^2.

Површината за паркирање со пристап на едно тешко товарно возило или зглобен автобус треба да изнесува од 63 до 90 м^2.
Горе споменатите минимални димензии се применуваат за пресметување на потребниот број на паркинг места од член 134 од гореспоменатиот Правилник при спроведување на урбанистичките планови, кога се изработува проектна документација за градбите врз основа на која се издава одобрението за градба.

6.2.3 Нивелманско решение

Со нивелманскиот план се дефинирани котите на нивелетата на сите осовински вкрсни точки на крстосниците на улиците како и подолжните наклони на улиците. Подолжните наклони на улиците се дефинирани во графичките прилози.

Врз основа на постојните улици, како и висинските коти на осовините, добиени од теренските мерења на ажурираната дигитализирана и ажурирана геодетска подлога Р=1:1000, се изврши нивелација на уличната мрежа.
Висинските коти, должините и падовите на улиците добиени се преку теренските мерења врз основа на поставеноста на постојната и планираната сообраќајна мрежа на дигитализираната ажурирана геодетска подлога.
Подолжните наклони на сообраќајниците се усогласени со член 152 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

Со примена на овие подолжни падови се овозможува одводнување на површинските води на улиците.

6.3 Комунална инфраструктура

Приклучување на водоводната, канализационата, електричната и телефонска инфраструктура е решено од планираната инфраструктурна мрежа. Приклучувањето на новата градба ќе се дефинира според капацитетите на планираната инфраструктурна мрежа и потребите на градбата, во согласност со условите зададени од надлежните комунални фирми.

6.3.1 Водоснабдување

Обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс, односно користењето и заштита на водите треба да се одвива во насока на: синхронизирана изградба на водостопанските објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода, спречување парцијални решенија кои ќе го оневозможуваат развојот на нови водостопански решенија и рационално користење на водата преку примена на современи технологии во управувањето со водоснабдителниот систем. Водата за

водоснабдување се планира да се доведе од главната мрежа на град Неготино по трасата на регионалниот пат Р-103 (Велес - Неготино), поточно да се надоврзе на цевководот кој ја снабдува фабриката “ 8ми Ноември” лоцирана во северниот дел на градот. За довод се планираат да се користат цевки со големина од Ø200.

Доколку за водоснабдување се користат подземните води-бунари, нивната експлоатација да биде од како потполно ќе се проучат нивните аквифери.

Динамиката на користењето на подземните води да биде дефинирана со хидрогеолошки истражувања, со што ќе се избегне пореметување на режимот на хранењето на бунарите.

Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на соодветен третман во кругот на стопанскиот комплекс и да бидат доведени до потребниот степен на квалитет према “Уредба за класификација на водите”, односно да бидат пречистени во пречистителна станица.

Во опфатот предвидени се две пречистителни станици и тоа во северниот и источниот дел на опфатот. Прочистените води од северната пречистителна станица преку цевки со големина од ∅350, по трасата на регионалниот пат Р-103 (Велес – Неготино) ќе се води до реципиентот, односно реката Вардар. Водите од пречистителната станица планирана на источниот дел ќе се влеваат исто така во реката Вардар но со цевки кои ќе се движат по трасата на локален пат североисточно од опфатот.

Потребна количина на вода:

Потребна количина на вода се однесува на потребите од санитарна вода за вработените како и од потребата на вода за перење на возилата и поливање на зеленилото кое што е присутно на просторот на планскиот опфат.

Од овој податок произлегува следната пресметка:

Qмах/час = 200.000 / 16 x 5000 = 6,25 л/сек/ха

q мах/час = F x q Qмах / час = 1,00 x 6,25 = 6,25л/сек

Потребна количина на вода за гасење на пожар:

Према законските прописи ако површината на која се наоѓа стопанскиот комплекс е до 150ха, се смета на еден пожар, така да за предметниот локалитет со површина од 30ха земено е:

- бројот на истовремени пожари 1(еден)
- најмало количество на вода во л/сек за еден пожар е земено Q=15л/сек.

За целиот опфат противпожарната заштита на локацијата предвидено е да се реши со гаснење на пожарот од технолошката вода или евентуално при поголем пожар со противпожарно возило од Неготино кое би интервенирало било каде на локацијата. Према законските прописи за секоја градба да се изработи и елаборат за ПП заштита.

Доколку за водоснабдување се користат подземните води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на режимот на подземните води.

Пред изведбата на бунарите потребно е да се направат хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе се утврди издашноста и капацитетот на бунарот (бунарите). Исто така треба да се направат и испитувања со кои ќе се утврди и квалитетот на водата, односно дали физичко-хемиските и бактериолошките карактеристики на водата ќе одговараат за соодветната намена. При лоцирањето на бунарите да се почитува Законот за води за одредување на заштитните зони на бунарите.

Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со водоводната мрежа со приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена со сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид на инфраструктура според стручните служби на овластената институција.

6.3.2 Фекална Канализација

Отпадните води од планираните објекти се одведуваат преку планирана канализациона мрежа, по планираните улици. Падовите на новопредвидената фекална канализација се движат од 2%-3%, кои детално ќе се дефинираат со изработка на главни проекти. Димензиите на хидрауличка пресметка со точно познати количини на отпадни води ќе се дадат во наредните инфраструктурни проекти. Со добивање на потребните параметри за димензионирање на дренажната мрежа, истото ќе се изврши и ќе се добијат димензиите и наклоните на цевките. Со Урбанистичкиот план вон населено место, со површина од **34,56ха** се планира изведување на канализациона мрежа на целокупната територија која ќе ги опфати површините наменети за изградба на лесна и незагадувачка индустрија и изградба на фотоволтаични електрани, како и сите други содржини на компатибилни намени, кои се пратечки на основната намена.

$$Qfek = 0.8 \times \frac{Nk \times Q \times a1 \times a2}{24x60x60} \times 1.2 =$$

каде што е
Nk - број на вработени 1000
Q - водоснабдителна норма Q= 500 л/ден/жит.
a1 = коефициент на дневна нерамномерност a1 = 1,3
a2 = коефициент на часовна нерамномерност a2 = 1,5

$$qfek = 0.8 \left(\frac{1000 \times 500 \times 1.3 \times 1.5}{86400}\right) \times 1.2 =$$ **13,54 л/сек**.

Канализационата мрежа се состои од армирано-бетонски канализациони цевки и ревизиони шахти. За минимален пречник е усвоен **Ф250**.

Фекалната и контаминирана вода е предвидено да пречистува во сопствените градежни парцели се до изградбата на предвидените пречистителни станици. По постигнувањето на соодветна чистота, водата се испушта во каналот од каде со одведува до реципиент р. Вардар.

6.3.3 Атмосферска канализација

Атмосферските води кои ја напаѓаат урбанизираната зона се надворешни

и сопствени. Сопствените води се оние кои се јавуваат во границата на планскиот опфат, додека надворешните води се јавуваат надвор од границата на планскиот опфат и ја напаѓаат истата. Количината на сопствените води ќе се определи во зависност од интензитетот на дождот, сливната површина и коефициентот на отечување, која што количина е меродавна за димензионирање на каналската мрежа. Надворешните води кои потекнуваат од сливните површини надвор од урбанизираната зона, а ја напаѓаат истата формираат порои односно долови.

Количините на атмосферските води ќе се одредат во зависност од следните параметри:

Qatm = F x qi x Ψ (l/sec)
Qatm - вкупна количина на атмосферска вода
F - вкупна сливна површина (ха) **4,28 ха**
qi - специфичен истек (**120 l**)
Ψ - коефициент на истекувањето кој е во директна врска од намената на површината, падот на теренот и планираниот процент на изграденост на разни градски функции.
Qатм = 4,28 * 120 * 0,5 = **256,8 л/сек**

Минималниот пречник на канализацијата усвоен е Ф300.

Атмосферската канализација е предвидено да пречистува во сопствените градежни парцели со попивателни бунари се до изградбата на предвидените пречистителни станици. По постигнувањето на соодветна чистота, водата се испушта во каналот од каде со одведува до реципиент р. Вардар.

6.4 Електроенергетска инфраструктура

Од аспект на електро-енергетика за зоната предвидена за лесна индустрија предвидено е напојувањето да се врши од новопредвидени трафостаници, лоцирани во рамките на планскиот опфат: ТС1, ТС2, ТС3, ТС4 и ТС 5. Од нив ТС1 (1.10) и ТС2 (1.13) се со јачина 2x2000kVA, ТС3 (2.5) и ТС 4 (4.5) се со јачина 2x2500kVA, а ТС5 (5.2) е со јачина 2x1250kVA, како и можност за надградба согласно потребите за планирање на идни објекти:

Лесна индустрија со бруто развиена површина за градба од 136125м2, со просечна изграденост под градби од 55%.
136125м^2 x 0,05kW/м^2 = 6806.25
Површински соларни и фотоволтаични електрани со бруто развиена површина за градба од 112168 м^2, со просечна изграденост под градби од 78%.
112168м^2 x 0,88kW/м^2 = 98707,84

Водовите од 110-400kV мрежа, опфатени со Просторниот план на Р.Македонија минуваат далеку од локацијата. Така 400kV водот Дуброво-Скопје 4 минува на 4км од оваа локација. Согласно податоците за постоечки подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа, добиени од страна на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр.10-26/3-612 од 12.12.2022 год., на предметната локација поминува 10(20) kV Подземна мрежа и 10(20) kV

Надземна мрежа.
Локациите на трафостаниците треба да бидат лесно пристапни со товарно возило од сообраќајниците. Преостанатиот простор да биде организиран со уредени зелени површини. Во колку локацијата е предвидена во склоп на градба треба да се обезбедат следните услови:
- да биде во приземје на градба
- лесно пристапна до сообраќајница
- темелењето на трансформаторите да биде издвоено од темелите на градбата.
- да се преземат сите мерки за обезбедување од пожар.
- да се превземат мерки за обезбедување од вибрации и бучава предизвикана од работата на трансформаторот.

Услови за приближување до елекро енергетски објекти
- Целосно да се почитуваат законските и подзаконските прописи и работни норми кај сите вкрстувања и приближувања кон објектите на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
- Навремено, пред почетокот на градежните работи во близина на дистрибутивната мрежа, потребно е изведбата на градежните работи да се координира со ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, при што неопходните заштитни мерки треба да се утврдат договорено;
- При работа во близина на високонапонски кабелски и воздушни водови, потребно е придржување кон упатствата за превенција од предизвикување на штети за работниците ракувачи со кранови и багери, за заштита на каблите и условите за одобрение за работа со распрскувачки материјали;
- Доколку при изградбата на објектот е потребна промена или дислокација На електроенергетските објекти и постројки на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација;
- Во случај на настанување на штета на електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје

6.5 Телекомуникациска инфраструктура

Развојот и димензионирањето на телекомуникациската мрежа треба да се определи за единиците за времен престој и единици комерцијални и деловни намени според бројот на вработените и површината на просторот. Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планирани да се поставуваат во површините на тротоарите и пристапните улици со надоврзување на постоечката мрежа.

Приклучокот на сите телекомуникациските претплатнички места ќе биде во најблиската автоматска дигитална централа.

6.6 Систем за наводнување

Согласно податоците издадени од Водостопанство во рамките на планскиот опфат постои постоечки систем за наводнување.

Постоечките водоводни инсталации се инвентаризирани и внесени во графичките прилози.

Во рамките на планскиот опфат постојат инсталации од Ф175, Ф200,

Ф250, Ф280, Ф300, Ф350, Ф450, Ф500 и Ф600. За сите нив се предвидени заштитни појаси. За инсталациите од Ф175, Ф200, Ф250, Ф280, Ф300 и Ф350 предвиден е заштитен појас од 6м. За инсталациите од Ф450, Ф500, Ф600 предвиден е заштитен појас од 12м.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И СЛУЖАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Со општите услови за градење се регулира изградбата на објектите и уредувањето на јавните површини во рамките на планскиот опфат, како и изградбата на инфраструктурните водови и објекти. Изградбата на сите објекти и инфраструктурни водови од сообраќајната и комуналната инфраструктура треба да биде во согласност со законската и подзаконската регулатива од урбанистичкото планирање и градењето, како и техничките прописи од областите.

Регулационата линија

Регулационата линија прикажана во графичките прилози од планската документација го претставува разграничувањето помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното земјиште за поединечна употреба.

Градежна парцела, градежна линија и површини за градење

Граница на плански опфат претставува граница на урбанистичкиот план за вон населено место, намена на земјиштето и градбите со општи услови за градба, развој и користење, посебни услови за градење и детална регулација доколку е потребно, планско решение на сообраќајната мрежа со нивелманско решение, планско решение за комуналните и други инфраструктури со услови на приклучување на мрежите, процентуална застапеност на површините за зеленило, како и други одредби и податоци потребни за планските решенија.

Градежната парцела претставува основна, најмала и неделива единица на градежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во која се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби од урбанистичкиот план.

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која може да се гради. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања на градежната линија се:

- првиот скалник од влезните партии до 30 см, ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м,
- првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии,

конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см, ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25 м,

- второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12,00 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина за улични коридори пошироки од 12,00м,
- елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,
- елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,
- третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см, а на приземниот дел од градбата оваа пластика е дозволена доколку ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м.

Површината за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површината од градежно неизградено земјиште односно делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба.

Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и неможе да се протега без прекин низ две или повеќе соседни градежни парцели.

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба, освен во следните случаи:

Комплексните градби составени од повеќе површини за градење или комплексите што содржат повеќе градби во една градежна парцела, по правило се уредуваат во две фази:

• Во првата фаза тие се уредуваат во урбанистички план во кој се одредува поголема рамковна површина за градење и се одредува процент на изграденост на земјиштето како планска одредба што квантитативно ја ограничува површината за градење која ќе се дефинира во урбанистички проект и

• Во втората фаза рамковната површина за градење се разработува во урбанистички проект во кој се одредува точната површина за градење како и нејзината големина и форма.

Во урбанистичкиот план фактичката површина за градење се одредува со процент на изграденост и таа е секогаш помала од рамковната површина, а нејзината дефинитивна просторна диспозиција и форма се разработува детално со урбанистички проект.

Растојанијата помеѓу површината за градење и границата на градежната парцела зависат од типот на градење и намената на земјиштето, и тоа:

1. Кај периметралниот тип на градење наменет за домување површините за градење се по правило поместени кон лицето на парцелата, тежнеат да ја зафатат целата широчина на парцелата и да се допираат со соседните површини за градење. Растојанието помеѓу површината за градење и страната на парцелата тежнее кон нула, а и растојанието помеѓу површината за градење и регулационата линија со згуснувањето на градбата тежнее кон нула. Растојанието помеѓу површината за градење и дното на парцелата кај затворените периметрални блокови не треба да е помало од 8,00 м.

2. Кај затворениот површински тип на градење наменет за домување кај кој отворите на градбите се ориентирани кон внатрешните дворови, растојанието помеѓу површината за градење и регулаторните линии е по правило нула,

3. Кај дисперзивниот тип на градење наменет за домување со слободностоечки градби со по четири фасади со отвори, растојанието помеѓу површините за градење и границите на градежната парцела е најмалку 3,0м за градби високи до 6,60 м (мерено од тротоарот до горниот венец), потоа најмалку половина височина од градбата за градби до 24,00 метри височина и најмалку 12,0 м за градби високи над 24,00 м. Растојанијата важат за страни од површината за градење на кои се предвидуваат отвори на градбите со парапети до 1,60м.

(3) Растојанијата помеѓу површини за градење во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот или од меѓусебното растојание, височината на градбите од двете негови страни и видот на отворите на фасадите ориентирани кон коридорот, при што:
- на коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3,00 – 6,00 м површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи ѕидови без отвори или да имаат само помошни отвори со парапет над 1,60 м, додека регуларни отвори со парапети под 1,60 м можат да имаат градбите чиишто површини за градење се оддалечени од регулационите линии најмалку 3,00 м,
- на коридор дефиниран со меѓусебното растојание на градбите од двете страни на коридорот кое изнесува од 6,00 – 16,00 м страните од градбите што се ориентирани кон коридорот можат да бидат со регуларни отвори со парапети под 1,60 м но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот,
- висините на градбите во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило изнесуваат најмногу до широчината на коридорот во приградски и периферни четврти на населеното место (В = Ш) и до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В = 2Ш) за коридори пошироки од 18,00м.

Вкупно изградената површина за градба е презентирана без површината од еркери и други дозволени пречекорувања.

Планските одредби за отворите се корелативни со планските одредби за површината за градење:

- Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на

градежната парцела е 0,00 м, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата кон границата на градежната парцела,

- Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 м дозволени се помошни отвори за вентилација и дневно светло со парапет од најмалку 1,60 метри,
- Кога растојанието е поголемо од 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата со парапет висок од 0,00 до 1,60 м.

Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со процент.

Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешни ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешни тераси, скали, рампи, патеки и сл.

Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициентот на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број од две децимали. Под вкупната изградена површина се сметат површините на сите подни површини, на сите надземни катови на градбата вклучувајќи ги и потпокривните катови, како и сутеренските катови односно катовите под нивото на приземјето што барем со едната своја страна се целосно над теренот.

Во вкупната изградена површина не се пресметуваат површините на отворените делови од зградата: наткриени и отворени тераси, балкони, лоѓии, надстреи, тремови, надворешни скали и пристапни рампи.

Височина на градење

Максималната височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.
Максималната височина на градбата се одредува на два начина:

